Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2026 – 2028 ГОДИНА

март, 2026 година, Скопје



Македонската држава претставува збир на институции кои меѓусебно интегрирани се стремат кон создавање вистински вредности, афирмирање и зачувување на самобитноста, идентитетот и самостојноста. Како интегриран дел од збирот на институции, секоја државна институција преку професионално работење и раководење, потребно е да биде позитивен пример за функционалност, некорумпираност и професионалност, градејќи притоа подеднакви можности за сите граѓани кои се дел од македонското општество.

Последната деценија е период во кој државата бележи значајна стагнација, а во контекст на тоа и видлива морална ерозија. Оваа фактичка состојба иницира процес на целосна реформа во сите сегменти; како и проактивност, посветеност и посебен ангажман на секој поединец, како дел од институциите, а институциите пак како дел од државата.

Македонија е мултиконфесионална и мултиетничка држава, во која граѓаните од различна етничка заедница со различна верска определба, негуваат култура на меѓусебна почит и толеранција. И покрај низа сензитивни прашања кои постојано се провлекуваат како дел од нашето секојдневие, сепак успешно се менаџираат како резултат на веќе изграден верски дијалог и воспоставен линк помеѓу државата и верските заедници.

Како независно владино тело кое се занимава со прашања од верската област, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, во континуитет гради позитивни односи со сите верски заедници, работи на унапредување на верските права и слободи и нагласено промовира мир, толеранција и соживот помеѓу верските заедници. Со придржување до стратешките цели на државата, самата институција ги остварува и своите стратешки цели кои се насочени кон зачувување на начелото на секуларност, промоција на културните верски вредности, развој на мултиконфесионалното општество и унапредување на соработката со црквите, верските заедници, религиозните групи и државните институции.

Стратешкиот план за периодот 2026-2029 година е план со кој Комисијата преку ангажирање на сите свои капацитети и скромните човечки ресурси со кои во моментот располага, ќе го вложи сиот потенцијал при остварувањето на своите зацртани стратешки цели.Остануваме како институција да работиме посветено, професионално и отчетно, притоа давајќи значаен придонес за нашата држава.

Со почит,

Оливера Трајковска,
директор на КОВЗРГ

Република Северна Македонија • Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи • Скопје

## 1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е среднорочен план на активности за периодот **2026-2028** година кои претставуваат основа за дефинирање и реализација на општите и конкретни цели на Комисијата, во согласност со Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година објавена на 26 август 2024 г. (Сл. весник на РСМ бр. 177/24). Во согласност со интегралниот систем на планирање и буџетирање, овој Стратешки план е придружен документ на буџетската пресметка на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за **2026** година. Во Стратешкиот план на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за **2026-2028** година се содржани целите и задачите на организациските единици и на Комисијата во целина, активностите за остварување на тие цели, како и ефектите и резултатите од истите.

Преку реализирање на активностите од Стратешкиот план, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи треба да одговори на обврските што произлегуваат од нејзините надлежности утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („Сл. весник на Република Македонија“ бр.113/07 од 20.9.2007 г.).

## 1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО РАМКИТЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е флексибилно организирана и лесно прилагодлива кон исполнување на барањата од корисниците на услуги. Корисници на услугите на КОВЗРГ се вкупно 44 верски субјекти од кои 20 регистрираните цркви, 11 верски заедници и 13 религиозни групи, здруженија на граѓани и фондации, граѓански верски одбори во државата и дијаспората, органите на државната управа, домашни и странски владини и невладини организации, дипломатско-конзуларни претставништва на Република Северна Македонија во странство и странски дипломатско-конзуларни претставништва во Република Северна Македонија и сите кои имаат потреба од одредена услуга од КОВЗРГ.

Во изминатиот период, Комисијата активно работеше на унапредување на меѓурелигискиот дијалог и зајакнување на соработката со сите регистрирани верски субјекти. Особено значајна беше улогата на Комисијата во односите со органите на државната управа.

Покрај тоа, Комисијата иницираше и учествуваше во повеќе активности од едукативен, културен и дијалошки карактер, со цел промоција на

толеранција, почитување на верските слободи и спречување на говор на омраза и дискриминација врз основа на вера.

И покрај ограничените ресурси, се бележи зголемен интерес и доверба кон институцијата од страна на различни општествени чинители. За таа цел, во иднина институцијата ќе се стреми кон унапредување на меѓуинституционалната координација, како и редовна обука и професионален развој на кадарот, наградување на човечките ресурси за да се спречи одлевање од институцијата како и со цел подобрување на квалитетот на услугите и зајакнување на транспарентноста и отчетноста.

Пристапот на отвореност кон граѓаните е клучен за работењето на институцијата и затоа информациите редовно се ажурираат на постоечката веб страница како и на социјалните мрежи, истовремено медиумите се навремено известени за сите активности на Комисијата. Транспарентноста на институцијата е клучна за градење доверба, отчетност и ефикасно функционирање на целокупниот општествен систем.

## 1.2.1 АНАЛИЗА НА ВНАТРЕШНАТА СОСТОЈБА, НАДВОРЕШНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ, УТВРДУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА (SWOT АНАЛИЗА)

Анализата на надворешното и внатрешното опкружување на Комисијата, како и утврдувањето на нејзините потенцијални можности и закани, ја даваат следнава SWOT анализа:

| ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| - Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи изминатите три години го има подобрено нивото на внатрешна организираност и нивото на професионално постапување, во клучните сегменти има ред и пропишани постапки, кои овозможуваат квалитет во работниот процес.<br>- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е еден од најстарите државни органи на Република Северна Македонија. Од 1951 година, па до денес, постои како самостоен државен орган, надлежен да се грижи за правната положба на верските заедници и религиозните групи и за односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи;<br>- Во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи работи | - Недостаток од финансиски средства кои треба да ги задоволат потребите на институцијата за редовно работење и реализација на нејзините активности;<br>- Недостаток на човечки ресурси на одделни работни места; |

| | |
|---|---|
| стручен и мотивиран кадар, меѓу кој има и административни службеници кои имаат повеќедецениски стаж во институцијата<br>- Вработените преку континуирани обуки имаат стекнато дополнителни потребни знаења и вештини од областа на управувањето во државната служба, административното работење, еднаквоста и недискриминацијата на верска основа, Е-влада, управување со проектен циклус и др.;<br>- Комисијата воспостави и ги зајакна меѓународните односи и врски со соодветни хомологни институции и релевантни организации;<br>- Комисијата ја подготви првата национална Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022-2026 г. | |
| **МОЖНОСТИ** | **ОПАСНОСТИ (ЗАКАНИ)** |
| - Можност за унапредување на Законот за правна положба на цркви, верски заедници и религиозни групи во делот на ингеренциите на Комисијата;<br>- Зајакнување на улогата на Комисијата како единствеен надлежан орган на државната управа за односите меѓу државата и верските субјекти;<br>- Можност од вклучување на Комисијата како орган кој е најдиректно инвловиран во верските прашања и односите со верските заедници во глобалниот тренд на сузбивање на тероризмот и радикализмот на верска основа, кој претставува закана за светскиот мир и безбедност. Во светот сè повеќе се зголемува интересот за верските прашања од страна на медиумите, граѓаните, невладините организации и други субјекти за спречување на оваа негативна појава, што дава можност за проактивна улога на овој орган;<br>- Можност за надградба на знаењата и стручно усовршување на вработените преку обуки;<br>- Можност од усвојување програма за поддршка на проекти од локално значење на верските заедници од страна на Вадата на Република Северна | - Намалувањето на буџетските средства и неприфаќањето на предлог-активностите на Комисија-та го ограничуваат нејзиното делување, а со тоа и сервисната ориентација;<br>- Одлив на човечки ресурси, кои се дефицитарни. |

| | |
|---|---|
| Македонија;<br>- Можност за зголемување на Буџетот на Комисијата заради реализација на нови проекти;<br>- Можност за реализација на дел од Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022- 2026 г. | |

## 1.2.2 ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА

Во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е спроведена функционалната анализа со цел да се идентификуваат можностите за подобрување од организациски и функционален аспект на делување, како и подобрување на исполнување на целите и задачите на институцијата. Функционалната анализа даде реална и целосна слика за подготвеноста на институцијата на краток и среден рок, да ги спроведе неопходните подобрувања за подобро вршење на нејзините основни функции. Резултатите од Функционалната анализа даваат осврт на ефикасноста и ефективноста на извршувањето на работите и работните задачи во рамки на внатрешната поставеност, дистрибуција на расположливи ресурси (кадровски простории, ИТ, технички и др.) од кои најзначаен е човечкиот капитал. Главна цел беше да се постави рамка на сите понатамошни процеси на развој на капацитетите и на управувањето.

## ГЕНЕРАЛНИ НАОДИ

- Комисијата има потреба од поголем буџет преку кој ќе може да го зголеми бројот на реализирани проекти со внатрешен или меѓународен карактер.
- Комисијата има потреба од вработување на соодветен квалификуван работен кадар во согласност со новите акти и правилници донесени и одобрени во 2023 година, како и измените на систематизацијата од 2024 година и 2025 година.
- Комисијата има потреба од дополнителен буџет кој би се користел за поддршка на проекти од значење за функционирањето на верските субјекти, меѓуконфесионалната соработка, промоција на верскиот туризам и афирмација на верските вредности во согласност со Акцискиот план на веќе донесената владина Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири.
- Комисијата има потреба од измени во Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група поради зголемување на надлежностите, по примерот на државите во регионот и државите од ЕУ.
- Во однос на тимот на вработени потребен е дополнителен кадар со соодветно образование за одделни работни позиции кои се испразнети во текот

на годините, кој би можел да даде придонес во ефективно извршување на работните задачи, како и придонес во современите предизвици како глобална соработка, меѓународни фондови и проекти. На одреден дел од веќе постоечкиот тим му е потребна доедукација, доусовршување и почитување на работната етика кои во претстојниот период ќе бидат санирани.

## 1.2.3 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И АКТИВНОСТИТЕ ЗА 2025 ГОДИНА

**Програма: Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество**

***Во рамките на оваа програма во 2025 година целосно се реализирани следните активности:***

- Спроведено истражување посветено на улогата на религијата, етиката и предизвиците на младите во современото мултикултурно општество и негова презентација на Третата Светска Конференција за Религиски Дијалог и Соработка со наслов: „Религијата и современата фаза на глобализацијата: можности и предизвици“ во организација на Филозофскиот факултет.
- Промоција на книгата со верска тематика, тритомно издание на „Плодови на духот“ од протопрезвитер-ставрофор проф. д-р Ацо Гиревски.
- Реализирана панел дискусија на тема „Младост, ум и депресија“ во соработка со Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Факултетот за исламски науки и Славјанскиот универзитет " Св. Николај" - Свети Николе, во дискусијата активно учествуваа студенти од факултетите.
- Билатерални средби со сродните институции од регионот, средба со директорот на Управата за соработка со цркви и верски заедници на Р. Србија, средба со Генералниот секретар при Секретаријатот за верски односи при Министерството за образование, верски односи и спорт на Хеленската република.
- Реализиран проект за меѓурелигиска соработка, потпишана Декларација против насилен екстремизам од страна на петте уставно признати верски субјекти, МПЦ-ОА, ИВЗ, КЦ, ЕЗРМ и ЕМЦ.
- Одржани средби со лидерите на верските субјекти;

***Во рамките на оваа програма започнати за реализација се следните активности:***

- Публикација „Најрепрезентативните исламски споменици“;
- Публикација – збирка трудови и сведоштва „Зборовите на Архиепископот Михаил“;

контакти со кои се придонесува за остварување на функциите на институцијата и стратешките документи.

***Показател на успешност:***

- Број на преземени иницијативи за промоција на културните и верските вредности;
- Унапредување на меѓуверската соработка и надоградување на меѓусебното запознавање на различните вероисповеди присутни во македонското општество.

***Оценка:***

Во рамките на програмата „Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество" е реализиран дел од активностите кои беа планирани за 2025 година и делумно придонесоа кон реализација на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република С. Македонија и приоритетите и приоритетните цели на КОВЗРГ.

## 1.3. МИСИЈА

Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи има цел да се постигне квалитетен, конструктивен и постојан однос помеѓу државата и верските заедници, кој се јавува како потребен и нужен во широк спектар на прашања во рамки на интензивните општествени односи, случувања и процеси.

## 1.4. ВИЗИЈА

Создавање на развиена општествена состојба на партнерски однос помеѓу државата и верските субјекти, гарантирани верски слободи и права, заштитено и почитувано начело на секуларност, висока свесност за придобивките од културниот диверзитет, како и соодветно афирмирање на македонските духовни и историски вредности и посебности.

## 1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Задачите и обврските на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и тие се во функција на:

- доследно спроведување на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и обврските кои произлегуваат од него;

- унапредување и промоција на верскиот соживот;

унапредување на положбата на верските заедници и религиозни групи во општеството;

создавање услови за еднаков третман на сите цркви, верски заедници и религиозни групи;

остварување на правата на црквите, верските заедници и религиозните групи кои произлегуваат од позитивните законски прописи;

вклучување и поддршка на средношколските и високошколските образовни институции на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и Исламската верска заедница во државниот образовен систем на Република Северна Македонија;

издавање решенија за одобренија за престој на странски мисионери на територијата на Република Северна Македонија;

давање мислења за донации од јавен интерес кои се наменети за верските заедници и нивните потреби;

промоција и активен придонес во изградбата на политиката на мирно разрешување на меѓуверски конфликти;

создавање на клима на дијалог помеѓу црквите, верските заедници и религиозните групи;

афирмација на верските вредности на Република Северна Македонија;

промоција на мултиконфесионалниот карактер на Република Северна Македонија како пример за почитување на различните вери и верски соживот;

достојно оддавање почит на значајни личности и настани од сферата во која работи Комисијата;

следење на состојбите со доследно почитување на начелото на секуларност на државата;

следење на остварувањето на верските слободи и права и ангажман за унапредување на состојбите;

следење на работата на верските заедници и религиозните групи;

сервисна ориентација кон потребите на верските заедници;

унапредување и поддршка на црковните и други верски општини во дијаспората;

унапредување на меѓународната соработка со институции кои работат во верската сфера како и КОВЗРГ и други соодветни чинители и реализирање на заеднички проекти.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) претставува самостоен орган на државната управа, основан врз основа на член 29 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, како и во согласност со Законот за правна положба на црквите, верските заедници и религиозните групи. Со својата правна и институционална автономија, Комисијата игра клучна улога во креирањето и спроведувањето на политиките поврзани со слободата на вероисповед и унапредувањето на меѓурелигискиот дијалог во Република Северна Македонија.

Како државна институција со специфичен мандат, Комисијата е одговорна за:

- Обезбедување институционална поддршка за непречено функционирање на црквите, верските заедници и религиозни групи во односите со државата,
- Воспоставување и одржување на комуникација и соработка помеѓу верските субјекти и државните органи, локалната самоуправа, судските институции, како и со домашни и меѓународни владини и невладини организации,
- Следење на состојбите, иницирање на мерки и изготвување предлози за унапредување на правната рамка во областа на верските права и слободи,
- Пружање мислења и насоки во постапки што се однесуваат на верски прашања од јавен интерес,
- Посредување при појава на верски спорови, со цел зачувување на меѓуетничка и меѓурелигиска стабилност.

Комисијата активно ја следи работата на 44 правно регистрирани верски субјекти во Република Северна Македонија. Во согласност со член 19 од Уставот, посебен акцент е ставен на традиционалните верски заедници кои имаат долготрајно историско присуство во земјата, и тоа: Македонска православна црква – Охридска архиепископија, Исламска верска заедница, Католичка црква, Евангелско-методистичка црква и Еврејска заедница.

Комисијата ја исполнува својата мисија и преку заштита и унапредување на начелото на секуларност на државата, поддршка на слободата на вероисповед како основно човеково право, како и преку активно учество во процесите на демократизација, социјална кохезија и градење инклузивно општество.

Своите стратешки приоритети, КОВЗРГ ќе продолжи да ги реализира преку јакнење на институционалната соработка со сите релевантни чинители од јавниот и граѓанскиот сектор, унапредување на нормативниот и стратешкиот оквир за заштита на верските права, поттикнување на интеркултурен и меѓурелигиски дијалог на национално и локално ниво, како и меѓурегионално ниво, развивање на механизми за превенција и медијација во случаи на верска нетолеранција или дискриминација.

Овие активности се од суштинско значење за градење на праведно, толерантно и демократско општество, во кое различностите се вреднуваат, а човековите права се ефективно заштитени и унапредени.

## 1.7. СТРУКТУРА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Со Правилникот за систематизација на работните места во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, помошно – технички лица), распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Со Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи раководи Директор, кој е именуван функционер од Владата на Република Северна Македонија.

Организациони единици во Комисијата, се 2 сектори и 4 одделенија, и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Сектор за прашања на црква, верска заедница и религиозна група и стручна поддршка | |
| | 1.1 | Одделение за теолошка поддршка и прашања на верските субјекти |
| | 1.2 | Одделение за стручна поддршка, организација на настани и меѓународна соработка |
| 2. | Сектор за општи работи, правно и финансиско работење и комуникација | |
| | 2.1 | Одделение за правни и финансиски прашања, човечки ресурси и документација |
| | 2.2 | Одделение за административна и техничка поддршка |

ОРГАНОГРАМ НА КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ




## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Врз основа на извршената анализа на состојбата во областа на делувањето на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и раководејќи се од потребата за обезбедување на конзистентност и усогласеност на стратешките приоритети и приоритетни цели на КОВЗРГ со одлуката на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, се утврди 1 стратешки приоритет и разви 3 приоритетни цели за периодот 2026-2028 година.

### *Стратешки приоритет*

**Зајакнување на институционалниот систем за заштита на начелото на секуларност и унапредување на верските слободи и права, со цел развој на стабилно, инклузивно и демократско мултиконфесионално општество.**

### *Стратешки цели за остварување на стратешкиот приоритет*

♦ Зајакнување на институционалната соработка и сервисната ориентација кон верските заедници;

♦ Унапредување на механизмите за заштита и практична примена на верските слободи и права;

♦ Промоција на културните и верските вредности во Република Македонија и на меѓународно ниво;

♦ Поттикнување на меѓурелигискиот дијалог и придонес кон развој на добрососедските и билатералните односи.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ ЗА 2024 ГОДИНА

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи како самостоен орган на државна управа, надлежен за прашањата од верската сфера во државата, во 2024 година ги реализираше следните активности:

➢ Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи г- дин Даријан Сотировски на 1.1.2024 г., присуствуваше на литургија во Манастирот „Св. Наум Охридски" на Попова Шапка.

➢ Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г- дин Даријан Сотировски, на ден 7.1.2024 г., присуствуваше на Божиќната литургија во Соборниот храм „Свети Климент Охридски" во Скопје. По Светата литургија се одржа и традиционалниот Божиќен прием во Кабинетот на Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима Г. Г. Стефан.

➢ Директорот Сотировски ги поздрави „Бадниковите поворки" кои на Бадник 6.1.2024 г., ширум Македонија го најавија Христовото раѓање, издигнувајќи ја традиционалната манифестација на највисоко ниво.

➢ На 8.1.2024 г., Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на традиционалниот Божиќен прием организиран од страна на Архиепископот Охридски и Македонски Г. Г. Стефан по повод Божиќните празници и неговиот имenден.

➢ На 8.1. 2024 г., втор ден Божиќ, Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на литургијата во католичкиот храм „Свети пророк Илија" во с. Радово.

➢ Директорот Сотировски присуствуваше на опело на архиерејскиот намесник протејерејот ставрофор Мирко Стенковски на 11.1.2024 г., изразувајќи почит.

- Директорот Сотировски на 19.1.2024 г. присуствуваше на чинот на осветување на водите на Вардар и манифестацијата по повод празникот Водици на мостот „Слобода“ во Скопје.

- На 21.1.2024 г., Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Даријан Сотировски, присуствуваше на Светата Архиерејска Златоустова Литургија, на која чиноначалствуваше Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, во сослужение на повеќемина архиереи и свештеници на МПЦ-ОА и беше извршена хиротонија на Сепреподобниот архимандрит Никола (Трајковски) во епископски чин, во соборниот храм „Свети великомаченик Димитриј“ во Битола.

- На ден 25.1.2024 г. директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Даријан Сотировски, беше дел од одбележувањето и учествуваше во активноста за засадување на дрвца со што пригодно беше одбележан еврејскиот празник Ту-Бишват - нова година на дрвото во Скопје, во соработка со ЕЗРМ и амабсадата на државата Израел.

- На 8.2.2024 г., Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-дин Даријан Сотировски го прими во својот кабинет и оствари официјална средба со г-дин Шиме Јерчиќ, директор на Канцеларијата на Комисија за односи со верските заедници на Р. Хрватска.

- На 27.2.2024 г., денот во кој Црквата одбележува 1155 години од блаженото упокоение на рамноапостолниот сесловенски просветител, свети Кирил Солунски, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан чиноначалствуваше на Молебен кон светиот Кирил, одржан на неговиот гроб, во криптата на базиликата „Свети Климент Римски“ во Рим, каде присуствуваше и Директорот Сотировски.

- На 27.2.2024 г. во Ватикан под покровителство на Директорот Даријан Сотировски и во присуство на Архиепископот Г.Г. Стефан и македонскиот амбасадор при Светата столица г-ѓа Марија Ефремова се одржа прием за дипломатскиот кор акредитиран при Светата столица.

- Директорот Сотировски учествуваше во комеморативните настани кои ги организираше ЕЗРМ во Скопје на 11.3.2024 во чест на 7.144 македонски Евреи депортирани од бугарскиот фашистички окупатор за време на Втората светска војна.

- Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-дин Даријан Сотировски на ден 15.3.2024 г. учествуваше на состанок во Советот на Европа свикан за координирање на државите членки околу искоренување на кривичните дела од омраза против муслиманите и други религиски групи.

- Директорот Даријан Сотировски на 19.3.2024 присуствуваше на 81 годишнина од формирањето на КПМ во меморијалниот музеј во Тетово.

- На 25 март, денот на упокојувањето на Преподобниот Кирил Лешочки, Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија веќе втора г., го слави неговиот спомен, во манастирот „Св. Атанасиј Велики", во Лешок, беше одбележан споменот на овој новопрославен македонски светител, каде присуствуваше и Директорот Сотировски.

- На 30.3.2024 г., директорот Сотировски испрати остра реакција поради вандализирањето на манастирот „Св. Атанасиј Александриски на Балтепе", Тетово, по што оствари и работна средба со надлежниот Митрополит и министерот за внатршени работи.

- На ден 31.3.2024 г. Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на Велигденската миса во катедралата „Пресвето Срце Исусово" во Скопје.

- На ден 11.4.2024 г. Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на традиционалниот прием „Бајрамска баклава" приреден од поглаварот на ИВЗ, Реисул Улема х. хфз. Шакир еф. Фетаи по повод празникот Рамазан Бајрам.

- На ден 18.4.2024 г. директорот на КОВЗРГ, Даријан Сотировски оствари средба со отец Зоран Стојанов, директор на Каритас Македонија.

- На ден 5.5.2024 г., Директорот Даријан Сотировски присуствуваше на Воскресна Велигденска архиерејската богослужба во соборниот храм „Св. Климент" во Скопје, по што оствари средба со Архиепископот г.г. Стефан.

- На ден 16.5.2024 г., Директорот Сотировски оствари прва протоколарна средба и брифинг со новоизбраниот Претседател на Републиката Н.Е. г-ѓа Гордана Силјановска Давкова.

- На ден 16.5.2024 г. беше реализирана прва средба на претседателката Н.Е. Силјановска Давкова со верските поглавари и претставниците на црквите и верските заедници наведени во Уставот: поглаварот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија Г. Г. Стефан, поглаварот на Исламската верска заедница, Реис ул Улема Хаџи Шаќир ефенди Фетаи, поглаварот на Католичката црква, Скопски бискуп и епарх струмичко – скопски, Киро Стојанов, суперинтендентот на Евангелско – методистичката црква, Марјан Димов, претседателот на Еврејската заедница, Пепо Леви, како и директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Даријан Сотировски.

➢ По повод реализација на традиционалната манифестација „Македонија во чест на Св. Кирил“ на ден 23.5.2024 г. македонската државно-црковна делегација предводена од Претседателот на Републиката, Н.Е. г-ѓа Гордана Силјановска Давкова, престојуваше во посета на Италијанската Република и Светата Столица и оствари аудиенција кај Поглаварот на Католичката црква, Неговата светост Папата Франциск. Директорот на КОВЗРГ Сотировски беше дел од државно- црковната делегација.

➢ На 24.5.2024 г., на денот кога се прославуваат македонските и сесловенски просветители, светите солунски браќа Кирил и Методиј, во базиликата „Св. Климент Папа Римски“ во Рим, каде што почиваат светите мошти на светиот Кирил Солунски, традиционално и оваа година во рамки на манифестацијата „Македонија во чест на светиот Кирил“ беше отслужен Молебен во чест на светите рамноапостолни браќа Кирил и Методиј, на којшто чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Плаошко-струшки и Дебарско-кичевски и Администратор Австралиско-сиднејски Г. Тимотеј, во сослужение на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Европски Г. Пимен и на повеќе свештенослужители, каде присуствуваше и директорот на КОВЗРГ Сотировски.

➢ На ден 30.5.2024 г. Директорот Сотировски учествуваше на конференција организирана од ИКОМОС по повод успешното реализирање на проектот „Мониторинг на православото културно наследство” кој темелно во оваа фаза од врвните стручни тимови ширум државата детално скенираше, анализираше и документираше 707 македонски цркви и манастири.

➢ Во издание на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи –во месец јуни од печат излегоа публикациите:

•„*Водич за запознавање со еврејската историја, религија и култура*“, публикација која излегува од чест на 7144 македонски Евреи депортирани од бугарскиот фашистички окупатор на Македонија;

•*„Дали екологијата е и духовен предизвик?“,* мултиконфесионален зборник на трудови на кој работеа дваесеттина еминентни професори, духовници, теолози и припадници на различни вероисповести во интерес на јакнењето на еколошката свест.

➢ На 9.6.2024 г. Директорот Сотировски присуствуваше на чинот на канонизација на новите македонски светители Св. Спаса Вишенска и Св. Спасо Вевчански во катедралниот храм Св. Софија во Охрид.

- На 7.7.2024 г. Директорот Сотировски присуствуваше на традиционалната свеченост за одбележување на Новата хиџретска 1446 година организирана од ИВЗ.

- На 22.7.2024 година Директорот Сотировски оствари средба со висока делегација од Кралството Саудиска Арабија предводена од Н.Е. Авад бин Себлиј Ал Анезиј, заменик министер за исламски работи.

- На 9.8.2024 г. директорот Сотировски присуствуваше на одбележувањето на манастирската слава на манастирот „Свети Пантелејмон“ во скопско Нерези.

- Во август излезе од печат првиот број на списанието „Под македонското небо", информативен и едукативен магазин на Комисијата за односи со верските заедници, кој ја афирмира и презентира богатата македонска културна и духовна ризница. Првиот број излегува во чест на 80 годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ кога се поставени темелите на современата македонска држава.

- На 28.8.2024 г. Директорот Сотировски по повод христијанскиот празник Успение на Пресвета Богородица присуствуваше на Вечерната богослужба и на одбележувањето на манастирската слава во манастирот „Свети Атанасиј Велики и Превета Богородица“ - с. Лешок.

- На 5.9.2024 г. Директорот Сотировски беше во утринска посета на Лешочкиот манастир заедно со монсињор Томо Вукшиќ, митрополит и надбискуп врхбосански и апостолски администратор на Воениот ординаријат во Босна и Херцеговина и Бискупот Скопски и епарх Струмичко-скопски монсињор Киро Стојанов со нивните соработници, кои што беа пречекани и остварија средба со надлежниот епархиски архиерej, Митрополитот тетовско-гостиварски г. Јосиф.

- На 5.9.2024 г. Директорот Сотировски присуствуваше на одбележувањето на 25 годишниот јубилеј од епископската хиротонија на Скопскиот бискуп и епарх струмичко – скопски, Киро Стојанов, и на литургискиот споменден на Света Мајка Тереза, во нејзината родна парохија „Пресвето Срце Исусово“ во Скопје.

- На ден 6.9.2024 г. се изврши примопредавање на функцијата на новоименуваната директорка г-ѓа Оливера Трајковска, која беше именувана од страна на Владата на Р.С. Македонија со Решение за именување на директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи бр. 14-8078/1 („Сл. весник“ бр. 184/24) од 27.8.2024 г. е именувана за директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

- На ден 13.9.2024 година директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, г–ѓа Оливера Трајковска ја оствари првата средба со Поглаваротна Македонската Православна Црква – Охридска

Архиепископија, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва, г.г. Стефан.

- На ден 17.9.2024 година Директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи г-ѓа Оливера Трајковска денеска оствари средба со Поглаварот на Исламската верска заедница Реис ул Улема хаџи хфз. Шаќир ефенди Фетаи во просториите на ИВЗ.

- На ден 19.9.2024 година Директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи г-ѓа Оливера Трајковска оствари средба со претседателот на Еврејската заедница, г-дин Пепо Леви.

- На ден 20.9.2024 г. Директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска присуствуваше на свечената литија со чудотворната икона на Пресвета Богородица - Троеручица во Скопје.

- На ден 22.9.2024 година Директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска присуствуваше на концертот на "Хорот на канторите од Ерусалим" во организација на ЕЗРМ во рамки на манифестацијата Европски денови на Еврејската култура.

- На ден 23.9.2024 година Директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска се сретна со Бискупот скопски и Епарх струмичко-скопски монс. Киро Стојанов.

- На ден 29.9.2024 година се одбележа стогодишниот јубилеј на храмот „Света Петка“ во Скопје, каде присуствуваше и Директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска.

- На ден 30.9.2024 година Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, г-ѓа Оливера Трајковска ја посети Евангелско-методистичката црква и оствари средба со Претседателот на Евангелско-методистичка црква г-динот Емил Заев и супериридентот Марјан Димов.

- На ден 2.10.2024 година, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи г-ѓа Оливера Трајковска оствари средба со проф. д-р Ацо Гиревски, протојереј-ставрофор, поранешен декан на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје.

- На ден 4.10.2024 година, Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-ѓа Оливера Трајковска во својот кабинет ги прими во официјална посета амбасадорката на Грција, Н.Е. Софија Филипиду и заменик шефот на мисијата во Хеленската република Кристина Василату.

- На 6.10.2024 година, Македонската Православна Црква - Охридската Архиепископија го чествуваше 25 годишниот јубилеј на Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва, г. г. Стефан, на кој присуствуваше и директорката на КОВЗРГ.

- На ден 7.10.2024 година, Директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска во својот кабинет оствари информативна средба со г-дин Никола Ѓурѓај, претседател на Македонското друштво „Илинден“ од Тирана.

- На ден 9.10.2024 година, Директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска присуствуваше на Света Божествена Литургија во Свети Николе, по повод тригодишнината од осветувањето на црквата „Св. Лидија Македонка“, воедно и по повод 30 јубилеј од замонашувањето на Митрополитот брегалнички г. Иларион за што и упати честитка до него.

- На ден 10.10.2024 г. по повод празникот Јом Кипур, Директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до раководството и верниците на Еврејската верска заедница.

- На ден 11.10.2024 г, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-ѓа Оливера Трајковска присуствуваше на чествувањата по повод празникот 11 Октомври и тоа со положување свежо цвеќе на Споменик Костурница во Куманово, присуствуваше на доделувањето на наградата "11 Октомври" во Собранието на Република Македонија, како и на свечената академија во Музејот на македонската борба во организација на претседателката Гордана Силјановска Давкова.

- На ден 14.10.2024 година директорката на КОВЗРГ Оливера Трајковска во Клубот на пратениците оствари протоколарна средба за запознавање со дел од регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи.

- На ден 15.10.2024 година, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи оствари средба со Неговото високопреосвештенство, Митрополитот Кумановско-осоговски г. д-р Григориј во Кумановско-осоговската митрополија во Куманово.

- На ден 17.10.2024 година, директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи - КОВЗРГ г-ѓа Оливера Трајковска оствари средба со претставници на амбасадата на САД, политичкиот советник за верски слободи г-дин Зеус Севиља и политичкиот аналитичар Адриан Исмаили.

- По повод 23 Октомври - Денот на револуционерната борба на македонскиот народ во Собранието на Република Македонија Директорката Трајковска присуствуваше на доделување на годишната награда 23 Октомври.

- На ден 24.10.2024 г. по повод 30 години од основањето на Македонското библиско здружение, директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи г - ѓа Оливера Трајковска присуствуваше на одбележувањето на јубилејот.

- На ден 27.10.2024 г. директорката г-ѓа Трајковска присуствуваше на одбележувањето на „Денот на реформацијата“ во организација на Евангелската црква, каде што имаше свое обраќање пред присутните верници.

- На ден 28.10.2024 г., директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска ја посети Евангелската црква во Велес, каде со пасторот на ЕЦ учествуваше во хуманитарна акција.

- На ден 29.10.2024 г., директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска во својот кабинет оствари средба со деканот на ПБФ „Свети Климент Охридски“, проф. д-р Дејан Борисов и продеканот д-р Дарко Анев.

- Во периодот од 30.10.2024 г. до 3.11.2024 г. директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, по повод триесетгодишниот јубилеј на Европската епархијата во Пјаченца - Р. Италија, на покана на митрополитот Европски г. Пимен присуствуваше на одбележувањето на јубилејот и чествувањето на споменот на Прохор Пчински.

- На ден 5.11.2024 г., директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска присуствуваше на чествувањето на празникот на Светиот апостол Јаков во манастирот во Водоча, каде што беше прославен и имендешот на епископот г. Јаков Стобиски.

- На ден 11.11.2025 г. директорката на КОВЗРГ г-ѓа Оливера Трајковска, присуствуваше на свеченатa академија по повод ослободување на Куманово.

- На ден 13.11.2024 г., директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска присуствуваше на свеченатa академија по повод ослободување на Скопје.

- На ден 13.11.2024 г., директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска оствари средба со Неговото високопреподобие, архимандритот г. Гаврил, долгогодишен мисионер помеѓу македонскиот народ на Австралискиот континент и игумен на манастирот „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк.

- На ден 14.11.2024 г. директорката Оливера Трајковска оствари работна средба со Министерот за надворешни работи и надворешна трговија, г-дин Тимчо Муцунски, на која присуствуваше и претседателот на Еврејската заедница во Македонија г - дин Пепо Леви.

- Во периодот од 13 до 15 ноември 2024 г., директорката Оливера Трајковска присуствуваше на свечената академија по повод 80 години од првото заседание на АСНОМ која беше во организација на Државен Архив на Македонија, а под покровителство на г. Христијан Мицковски, претседател на Владата на Република Македонија, како и на тридневниот научен собир кој беше во организација на Институтот за национална историја на кој имаа свои излагања истакнати професори и академици.

- На ден 20.11.2024 г. директорката на КОВЗРГ оствари средба со г - ѓа Вилма Трајковска и Суперинтендентот на Евангелско- методистичката црква г. Марјан Димов.

- На ден 21.11.2024 г. директорката на КОВЗРГ г-ѓа Оливера Трајковска на покана на директорот на НУ Музеј Битола, г. Зоран Николовски, присуствуваше на отворањето на музејот на христијанско и исламско културно наследство во Битола (Јени џамија), каде одржа и пригоден говор.

- На ден 26.11.2024 г. директорката Оливера Трајковска упати телеграма со сочувство до Светиот Архиерејски Синод, како и до свештенството, монаштвото и верниот народ на Македонската православна црква – Охридска архиепископија по повод упокојувањето на Митрополитот Дебарско-кичевски и Администратор Австралиско-сиднејски г. Тимотеј.

- На ден 26.11.2024 г. директорката Оливера Трајковска присуствуваше на годишниот прием на фондацијата „Елеуса“ во Струмица.

- На ден 27.11.2024 директорката присуствуваше на Заупокоена Литургија во црквата "Света Софија" во Охрид, во чест на упокоениот митрополит дебарско - кичевски Тимотеј.

- На ден 2.12.2024 г. директорката Оливера Трајковска изрази поддршка на потпишувањето на *„Декларација за зачувување на соживотот“* од страна на верските лидери на МПЦ-ОА, ИВЗ, КЦ, ЕЗРМ и ЕМЦ.

- На 3.12.2024 г., во Македонската филхармонија се одржа годишниот прием „Вељо Манчевски" во организација на Комисијата за односи со верските заедници. Приемот традиционално се одржа по трет пат, во спомен на првиот референт на верското поверенство Вељо Манчевски со акцент на негување, промовирање и афирмирање на вистинските вредности во општеството. Во рамки на настанот имаше богата програма, свои настапи имаа хоровите на верските заедници и беше прикажан краток документарен филм за историјатот на КОВЗРГ "Еден поинаков времеплов". На свеченоста присуствуваше претседателката г - ѓа Гордана Силјановска - Давкова, која имаше и обраќање пред присутните гости, меѓу кои беа и верските лидери, министерот за правда г - дин Игор Филков, голем број претставници од државниот и верскиот живот во

Македонија. На свеченоста беа доделени признанија за оваа календарска година на Академик Ѓорги Поп Атанасов, Сестра Наталија Стојанова од КЦ, Идрис ефенди Идризи од ИВЗ, Проф. д-р Самуел Садикарио - Коломонос од ЕЗРМ и постхумно беше доделено признание на поранешниот претседател Борис Трајковски од ЕМЦ.

➢ На ден 5.12.2024 г. директорката на КОВЗРГ во име на институцијата потпиша меморандум за соработка со деканот на Филозофскиот факултет г. Оливер Бакревски.

➢ На ден 5.12.2024 г. директорката на КОВЗРГ г-ѓа Оливера Трајковска оствари работна средба со г. Гордан Јорданов - претседател на Обединета македонска дијаспора за Македонија и Константина Милена- претставник на дијаспората од Швајцарија.

➢ На ден 6.12.2024 г. Директорката Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Поглаварот и членовите на САС на МПЦ-ОА, како и до свештенството, монаштвото и до сите верниците по повод државно- црковниот празник „Св. Климент Охридски“.

➢ На ден 6.12.2024 година Православниот богословски факултет го одбележа својот патрон " Св. Климент Охридски". На свечената академија присуствуваше директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи г-ѓа Оливера Трајковска, како и Архиепископот охридски и македонски, Неговото Блаженство г.г. Архиепископот г. г. Стефан, митрополитите г. Петар, г. Јован и г. Марко, проректорот за настава при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, проф. д-р Соња Топузовска и делегација на Православниот богословски факултет од Прешов, Словачка, претставувана од деканот проф. д-р Стефан Пружински, протоереј ставрофор.

➢ На ден 6.12.2025 г. директорката на КОВЗРГ г-ѓа Оливера Трајковска имаше интервју во утринската програма на Алфа телевизија.

➢ На ден 8.12.2024 година во свечената сала на Собранието беше доделена државната награда "Св. Климент Охридски" и на свеченоста присуствуваше директорката на КОВЗРГ г-ѓа Оливера Трајковска.

➢ На ден 8.12.2024 г. се одржа свечена академија по повод црковно - државниот празник Св. Климент Охридски, во Музејот на македонската борба; во присуство на претседателката Гордана Силјановска - Давкова, Архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан, претставници на Владата, митрополити, претставници на дипломатскиот кор, професори и академици, на која присуствуваше директорката на КОВЗРГ г-ѓа Оливера Трајковска.

- На ден 10.12.2024 година по повод празнувањето на Св. Петнаесет тивериополски маченици, директорката г - ѓа Оливера Трајковска присуствуваше на чествување на празникот „Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" со отслужување на празнична вечерна богослужба во присуство на Неговото Високопреосвештенство митрополитот захумско-херцеговачки г. Димитриј од СПЦ, Високопреосветените митрополити г. Дамаскин од Православната Црква на Грција и викарниот епископ Стобиски г. Јаков. Исто така присуствуваше и на духовна академија во Манастирот „Св. Лентиј"- Водоча.

- На ден 11.12.2024 година по повод празникот „Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" беше отслужена Света Боженствена Литургија во манастирот "Св. Петнаесет тивериополски маченици", на која присиствуваше директорката на КОВЗРГ. Исто така таа присуствуваше и на Свечена седница на Советот на Општина Струмица во домот на културата „Антон Панов" во присуство на митрополити, пратеници, советници, странски делегации и градоначалникот Костадин Костадинов.

- На ден 13.12.2024 г. директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска го посети Лесновскиот манастир и оствари средба со Митрополитот брегалнички г. Иларион.

- На ден 14.12.2024 г. директорката на КОВЗРГ на покана на хрватската амбасадорка НЕ Нивес Тигањ присуствуваше на традиционалниот Божиќен концерт во катедралниот храм „Пресвето срце Исусово" во Скопје.

- На ден 19.12.2024 г. на покана на Неговото Високопреосвештенство - митрополитот брегалнички г. Иларион, на денот кога Црквата го празнува големиот христијански празник Св. Никола, директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи г - ѓа Оливера Трајковска присуствуваше на празнично чествување во црквата „Св. Никола" во Штип.

- На ден 20.12.2024 г. официјално е промовиран краткиот документарен филм за Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

- На ден 23.12.2024 г. директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи г - ѓа Оливера Трајковска беше во посета на Мис Стоун центарот на Евангелско - методистичката црква во Струмица, каде оствари средба со г. Мартин Конев, претседател на "Дијаконија" и со поранешниот претседател и поранешен суперинтендант на ЕМЦ г. Миле Цеков, кои ја претставија мисијата, проектите и визијата на хуманитарната организација.

- На ден 24.12.2024 г. директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до свештенството и верниците на Католичката црква по повод празникот Раѓање Христово (Божиќ).

- На ден 24.12.2024 г. директорката на КОВЗРГ г-ѓа Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до раководството и верниците на Еврејската заедница по повод празникот Ханука.

- На ден 25.12.2024 г. директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска присуствуваше на Божикната миса во катедралата "Пресвето срце Исусово" во Скопје.

- На ден 28.12.2024 во Куманово, католичката црква го одбележа Денот на светото семејство.Бискупот монсињор Киро Стојанов во присуство на отец Томаш од Полска, отец Винко од Хрватска и отец Марјан, отслужи празнична служба, на која присуствуваше и директорката на Комисијата за односи со верските заедници г - ѓа Оливера Трајковска.

- На ден 27.12.2024 г. директорката на КОВЗРГ имаше интервју за МИА по повод Божиќните празници.

- На ден 27.12.2024 г. по повод еврејскиот празник Ханука во просториите на ЕЗРМ во присуство на голем број верници беше отслужена празнична служба. На службата присуствуваше директорката на Комисијата за односи со верски односи и религиозни групи Оливера Трајковска, претседателката Н.Е. Гордана Силјановска Давкова, вицепремиерот Љупчо Димовски, министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, Архиепископот г.г. Стефан, бискупот монсињор д - р Киро Стојанов, суперинтендентот Марјан Димовски од Евангелско - методистичката црква, градоначалници и пратеници.

- На ден 30.12.2024 г. директорката на КОВЗРГ упати празнични честитки до претседателката на државата, претседателот на Владата, министри од владата, Митрополити на МПЦ-ОА, а празничните честитки (СОС детско село) имаа хуманитарен карактер.

## 1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ ЗА 2025 ГОДИНА

1. 3.1.2025 г.- директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Архиепископот охридски и македонски и на Јустинијана прва г. г. Стефан, до членовите на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква - Охридска архиепископија, како и до свештенството, монаштвото, до верници од православна вероисповед и до сите христијани кои празнуваат по јулијанскиот календар, честитајќи им го празникот на Христовото раѓање - Божиќ.

2. 5.1.2025 г.- МПЦ го празнува споменот на Св. Наум Охридски, во истоимениот манастир на Попова Шапка, Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф отслужи Света литургија со свештеници од Тетовско-гостиварската епархија. На литургијата присуствуваше директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска, како и Премиерот на РСМ проф. д-р Христијан Мицкоски, Министерката за финансии Гордана Димитриеска-Кочоска и пратеници од Македонското собрание.

3. 7.1.2025 г.- во соборниот храм "Св. Климент Охридски" во Скопје, со Света литургија беше одбележано Рождеството Христово - Божиќ. Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима г.г.Стефан чиноначалствуваше во присуство на голем број свештенослужители, во преполн храм со многуброен верен народ. На литургијата присуствуваше директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи Оливера Трајковска и претседателката Н.Е. Гордана Сиљановска Давкова. По завршувањето на литургијата, претседателката и директорката остварија неформална средба во кабинетот на архиепископот.

4. 9.1.2025 г.- директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска испрати телеграма со честитки по повод именденот на Поглаварот на МПЦ-ОА, Неговото блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима г. г. Стефан.

5. 12.1.2025 г.- на празничната литургија по повод празнување на споменот на упокојувањето на Св. Гаврил епископ Велички Светогорец и светител Македонски, во Лесновскиот манастир чиноначалствуваше епископот Велички г. Никола, во сослужение на митрополитот Брегалнички г. Иларион и голем број свештенослужители, присуствуваа директорката на

Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи Оливера Трајковска, градоначалникот на Општина Штип г - дин Иван Јорданов и градоначалникот на Општина Пробиштип г - дин Драган Анастасов.

6. 19.1.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Трајковска, по повод христијанскиот празник Богојавление- Водици, присуствуваше на чинот на фрлањето на крстот во Куманово.

7. 24.1.2025 г.- Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи изработи видео за промоција на мир и соживот, каде се прикажани цитирани делови од Светите книги и личности кои ја отсликуваат самата верска заедница и се упатуваат пораки до верниците со цел да промовираат мир и соживот.

8. 27.1.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки по повод празникот свети Сава Српски до српската заедница во Македонија.

9. 27.1.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати порака до еврејската заедница во земјава, по повод 27 Јануари Меѓународниот ден на жртвите на холокаустот. Воедно на покана на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, директорката присуствуваше и на одбележувањето на 27 јануари - Меѓународниот ден на сеќавање на жртвите на Холокаустот, каде во рамки на настанот беше отворена изложбата од Јад Вашем – Израел, насловена како „Аушвиц - место на Земјата".

10. 28.1.2025 г.- МПЦ-ОА го прославува споменот на преподобен Гаврил Лесновски и на преподобен Прохор Пчински во Лесновскиот манастир литургиски се одбележа неговиот спомен. На Литургијата чиноначлствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Брегалнички господин Иларион во сослужение на Високопреосвештениот Митрополит Врањски г. Пахомиј, Високопреосвештениот Митрополит Кумановско – осоговски г. Григориј, како и на свештенослужители од СПЦ и МПЦ-ОА. Директорката Оливера Трајковска присуствуваше на божествената литургија.

11. 29.1.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска, испрати телеграма со сочувство до Светиот архиерејски синод, како и до свештенството и верниот народ на Православната црква на Р. Албанија по повод упокојувањето на Нивниот првоерарх, Неговото Блаженство, Архиепископот на Тирана, Драч и на цела Албанија, г. Анастасиј.

12. 30.1.2025 г.- кога Црквата го празнува споменот на Св. Антониј Велики, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска го посети манастирот „Успение Богородично" во село Маркова Сушица, во околината на Скопје и имаше средба со Епископот дремвитски г. Давид и сестринството во манастирот.

13. 10.2.2025 г.- директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи Оливера Трајковска оствари средба со претседателката Н.Е. Гордана Сиљановска Давкова и имаше можност да ги претстави актуелните состојби, предизвиците и предвидените активности на Комисијата.

14. 12.2.2025 г.- во рамки на проектот "DELETE" кој е поддржан од Амбасадата на кралството Холандија, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи во соработка со организацијата "Хоризон Цивитас" го реализираше Националниот форум "Религијата и онлајн предизвиците".

15. 14.2.2025 г.- директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска во својот кабинет имаше средба со отец Бобан Митевски и сестра Ефимија во име на Асоцијацијата на вероучители. Беше поздравен предлогот на директорката за воведување на предметот Етика во рамки на образовниот процес. На средбата беа пренесени барањата на вероучителите кои се однесуваат конкретно на предметот Етика на религии кој во моментов го предаваат, како и нивниот работен статус.

16. 24.02.2025 г.- по повод празникот во храмот посветен на свети Георгиј Кратовски во Кратово со Светата Божествена Литургија, Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска присуствуваше на литургиската прослава во Кратово на која чиноначалствуваше надлежниот архиереј Неговото Високопреосвештенство митрополитот Кумановско-осоговски г. Григориј во сослужение со митрополитот Доростолски г. Јаков од БПЦ, митрополитот Брегалнички г. Иларион, митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф, митрополитот г. Јосиф, епископот Велбужскиот г. Исак од БПЦ, епископот Велички г. Никола.

17. 26.02.2025 г.- директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска беше во посета на Факултетот за исламски науки, по повод назначувањето на новиот декан проф. д-р Абдулџемил Несими. На работниот состанок помеѓу КОВЗРГ и ФИН се потпиша меморандум за соработка, чија цел е предлабочување на

меѓуинституционалната соработка и реализација на заеднички активтости, во правец на градење мир, соживот и толеранција.

18. 27.02.2025 г.- во организација на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, а во соработка со Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Факултетот за исламски науки и Славјанскиот универзитет " Св. Николај" - Свети Николе, во свечената сала „Архиепископ Доситеј“ при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје се одржа панел дискусијата „Младост, ум и депресија“.

19. 28.02.2025 г.- Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска гостуваше на информативната утринска програма „Македонија наутро“ на МРТВ, каде ги претстави активностите кои ги реализира институцијата.

20. 28.02.2025 г.- Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Поглаварот на Исламската верска заедница Реис ул Улема хаџи хфз. Шаќир ефенди Фетаи, до членовите на Ријасетот, до муфтиствата и до сите верници од исламска вероисповед по повод почетокот на Рамазанскиот пост.

21. 3.3.2025 г.- по повод Велигденските пости, Директорката на КОВЗРГ Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Поглаварот на МПЦ-ОА, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва, г. г. Стефан, до членовите на Синодот, до свештенството и монаштвото, како и до сите верниците од православна вероисповед.

22. 5.3.2025 г.- Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска оствари работна средба со Гонце Јаковлевска од МЦМС и г-дин Самет Шабани од Хоризон Цивитас, по повод соработка за реализација на заедничкуи активности на теми кои се дел од дејноста и програмата на институцијата.

23. На 9.3.2025 г.- Православната Црква торжествено ја празнува Неделата на Православието, на светата Архиерејска Литургија во Манастирот „Успение на Пресвета Богородица”, с. Маркова Сушица, началствуваше Преосвештениот Епископ стобиски г. Јаков, во сослужение на Преосвештениот Епископ дремвитски г. Давид и останатите свештенослужители, каде присуствуваше Директорката Оливера Трајковска.

24. 9.3.2025 г.- во Меморијалниот центар на Холокаустот на Евреите од Македонија се одржа Симпозиумот „80 години по војната – сеќавајќи се

на минатото, градиме иднина", каде присуствуваше и директорката на КОВЗРГ.

25. 11.3.2025 г.- по повод 11 март - Денот на депортацијата на македонските Евреи, Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска присуствуваше на настаните од комеморативната програма во Штип и Скопје.

26. 13.03.2025 г.- во НУ Музеј на македонската борба за самостојност беше промовирано тритомното издание на „Плодови на духот" од протопрезвитер-ставрофор проф. д-р Ацо Гиревски во организација на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи.

27. 16.03.2025 г. на иницијатива на директорката на Комисијата,Оливера Трајковска, во соработка со Брегалничката епархија и надлежниот Митрополит г. Иларион, беше организирано заедничко опело за трагично настраданите во пожарот во Кочани, на кое присуствуваа верските лидери на МПЦ-ОА, ИВЗ, КЦ, ЕМЦ и ЕЗРМ и директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

28. 27.3.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска присуствуваше на ифтарска вечер во Куманово организирана од градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски.

29. 28.3.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Поглаварот на Исламската верска заедница Реисул Улема хаџи хфз. Шаќир ефенди Фетаи, до членовите на Ријасетот, до Муфтиствата и до сите верниците од исламска вероисповед по повод празникот Рамазан Бајрам.

30. 28.3.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска, оствари средба со директорката на Државниот архив, проф.д-р Наташа Котлар-Трајкова на која беа разгледувани можности за соработка во делот на научноистражувачката, културно-просветна и издавачка дејност.

31. 30.3.2025 г.- во просториите на Македонската филхармонија, се одржа концерт на госпел музика насловен како "Stefani & The Upper Room", во организација на Евангелска црква во соработка со Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, на кој присуствуваше директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска.

32. 31. 03. 2025 г.- директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска присуствуваше на "Бајрамска баклава" во организација на ИВЗ и Реисул Ул Улема ефенди Фетаи, како завршна прослава по повод Светиот месец - Рамазан.

33. 8 и 9 април 2025 г.- во Скопје се одржа конференцијата „Дијалог за единство и мир: Сеќавање на минатото, обликување на иднината“ во организација на Иванов школата за млади лидери, на која присуствуваше и Директорката на КОВЗРГ Оливера Трајковска.

34. 10.4.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска оствари средба со отец Томаш Бак од Католичката црква, кој работи во општина Куманово.

35. 11.4.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Претседателот на Еврејската верска заедница, Пепо Леви, како и до сите припадници на ЕЗРМ, честитајќи им го празникот Песах.

36. 11.4.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска оствари средба со директорот на Агенцијата за иселеништво, Горан Ангелов, на која се разговараше за развој на меѓуинституционалната соработка помеѓу двете институции во рамки на дијаспората преку конкретни проекти со македонските друштва и црковни општини.

37. 11.4.2025 г.- во просториите на Интернационалниот балкански универзитет во Скопје, во организација на Исламската верска заедница во Македонија, Бошњачкиот национален Совет и Исламската верска заедница од Босна и Херцеговина, се одржа трибина со наслов " Исламските заедници мостови и чувари на мирот во балканските земји". Директорката на КОВЗРГ имаше свое обраќање во кое ја потенцираше важноста на меѓусебната почит, стабилните односи помеѓу верските заедници, игнорирање на потенцијални можности за конфликти и сценарија кои би имале цел да ги нарушат стабилноста и мирот.

38. 17.4.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Поглаварот и членовите на САС на МПЦ-ОА, како и до свештенството, монаштвото и до сите верниците по повод празникот Воскресение Христово – Велигден.

39. 17.4.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Бискупот Скопски и Епарх Струмичко-Скопски мон. д-р Киро Стојанов, свештенството и монаштвото на Католичката црква во Македонија, како и до граѓаните од католичка вероисповед, честитајќи им го празникот на Христовото воскресение - Велигден.

40. 17.4.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Евангелско-методистичката црква, честитајќи го празникот на Христовото воскресение - Велигден.

41. 19.4.2025 г.- директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска присуствуваше на велигденска миса во катедралата „Пресвето срце Исусово".

42. 20.4.2025 г.- по повод Воскресната литургија во соборниот храм "Св. Климент Охридски" во Скопје, со која чиноначалствуваше Неговото Блаженство г.г. Стефан- Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима, присуствуваше директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска.

43. 21.4.2025 г.- Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска во придружба на проф. д-р Катерина Тодороска од ИНИ беше во официјална посета на Македонците од општина Пустец, Р. Албанија.

44. 22.4.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска по повод смртта на Светиот отец папата Франциск упати телеграма со сочуство до Светиот престол и до Католичката црква во Македонија.

45. 23 и 24 април 2025 г.- директорката на КОВЗРГ Оливера Трајковска имаше обраќање пред јавноста на Македонската телевизија за значењето на Папата Франциск во светот, по повод неговото упокојување.

46. 24.4.2025 г.- во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија беше одржан комеморативен настан со палење на шест меморијални свеќи и Кадиш молитва за 6 милиони Евреи убиени во холокаустот. На настанот присуствуваше и директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска.

47. 25.4.2025 г.- женскиот камерен хор "Св.Злата Мегленска" со детскиот хор "Св. Кирил и Методиј" од Велес одржа велигденски концерт „Воскресение твое“ во Соборниот архиепископски храм "Св. Климент Охридски", каде присуствуваше Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска.

48. 4.5.2025 г.- во Битола се одржа свечено отварање на “Спомен куќата на Гоце Делчев“ во која војводата Делчев, македонскиот револуционер, великан на Македонското ослободително движење престојувал во 1901 година, каде присуствуваше директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска.

49. 5.5.2025 г.- оствари средба со оствари средба со Битолскиот муфтија Амит, еф. Расимовски од Исламската верска заедница во Битола и го посети храмот „Рождество на Пресвета Богородица“ во Битола и оствари средба со надлежните архиереи.

50. 5.5.2025 г.- во спомен на папата Франциск во катедралата „Пресвето Срце Исусово“ во Скопје, Апостолскиот нунциј во Македонија, Н.Е. монсињор Лучано Суриани, во заедништво со Скопскиот бискуп и Струмичко-скопски епарх монсињор Киро Стојанов, служеше света Литургија за упокоение на душата на Неговата Сесветост, на која присуствувуваше директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска.

51. 5.5.2025 г.- по повод 80 години кодификација на македонскиот јазик, Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска присуствуваше на свеченото одблежување во МНТ.

52. 6 - 8 мај 2025 г.- во организација на КОВЗРГ и МЦМС во Велес, се одржа работилница на тема „Проактивни верски чинители за спречување на појавите на насилен екстремизам“. Воведни говори имаа директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска и директорот на МЦМС Александар Кржаловски, Националниот координато за СНЕ и БПТ, Павле Трајанов, Велешкиот муфтија Нејаз еф. Мурати, Штипскиот муфтија Насир еф. Реџепи и протојереј Ристо Јанушев од Повардарската епархија на МПЦ-ОА.

53. 13.5.2025 г.- во организација на КОВЗРГ и МЦМС беше потпишана Декларација на верските лидери против насилен екстремизам од страна на поглаварите и претседателите на МПЦ-ОА, ИВЗ, КЦ, ЕЗРМ и ЕМЦ.

54. 15.5.2025 г.- во рамки на посетата на Порденоне, Италија, директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска оствари средба со македонскиот генерален конзул во Венеција, г-ѓа Фросина Ременски.

55. 16 - 18 мај 2025 г.- Европската епархија го одржа 24 годишно епархиско собрание, во Порденоне, Италија, под раководство на Неговото Високопреосвештенство, митрополитот европски г. Пимен, каде директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска се обрати пред присутните учесници во собранието и оствари средби со македонските иселеници.

56. 20.5.2025 г.- Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи ја посети Реисот ул Улема ефенди Фетаи, кој оствари неформална средба со Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска. Во рамки на средбата беше даден краток осврт на досегашните активности и се константираше дека меѓуверската соработка е на високо ниво и е заснована на меѓусебна почит и толеранција.

57. 20.5.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска гостуваше во утринската емисија на МРТ 1 на тема "Спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам", како и неодамнешното

потпишување на Декларацијата за спречување на насилен екстремизам од страна на верските лидери и Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи.

58. 19 - 21 мај 2025 г.- во организација на Кабинетот на поранешниот претседател на Р. Македонија д-р Ѓорге Иванов, Меѓународниот центар Алијанса на цивилизации (ICAC – Македонија) и Институтот за културна дипломатија (ICD – Германија), во соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и со Министерството за култура и туризам, се одржа форумот за културна дипломатија. На Форумот за културна дипломатија присуствуваше и Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-ѓа Оливера Трајковска.

59. 23.5.2024 г.,.- во пресрет от кога ги прославуваме македонските и сесловенски просветители светите солунски браќа Кирил и Методиј, во базиликата „Св. Климент Папа Римски" во Рим, каде што почиваат светите мошти на светиот Кирил Солунски, традиционално и оваа година во рамки на манифестацијата „Македонија во чест на светиот Кирил" беше отслужен Молебен во чест на светите рамноапостолни браќа Кирил и Методиј, на којшто чиноначалствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф, во сослужение на Неговото Преосвештенство викарниот Епископ г. Јаков. На Молебенот присуствуваше делегацијата предводена од Претседателката на Републиката, Н.Е. г-ѓа Гордана Силјаноска Давкова, како и многубројни гости. Дел од делегацијата беше и Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска.

60. 24.5.2025 г.- во рамки на програмата на манифестацијата „Македонија во чест на свети Кирил", државно - црковната делегација предводена од претседателката Н.Е. Гордана Сиљановска Давкова, ја посети базиликата "Санта Марија Маџоре" и положи венец пред спомен плочата на македонски јазик во чест на делото на Светите браќа Кирил и Методиј и оддаде почит на гробот на Неговата светост, папата Франциск. Како дел од делегацијата беа министерот за култура и туризам г. Зоран Љутков, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, г-ѓа Оливера Трајковска, митрополитот Тетовско - гостиварски г. Јосиф, епископот Стобиски г. Јаков и отец Зоран Стојанов од Католичката црква.

61. 26.5.2025 г.- во рамки на манифестацијата „Македонија во чест на свети Кирил" македонската државна и црковна делегација, имаше аудиенција кај новоизбраниот Поглавар на Римокатоличката црква, Светиот отец

папата Лав XIV. Дел од делегацијата беше и Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска.

62. 28.5.2025 г.- Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска гостуваше на утринската емисија „Здраво Македонијо“ на ТВ Канал 5.

63. 28.5.2025 г.- Фондацијата Конрад Аденауер, Европското движење во Република Северна Македонија и Вилфрид Мартенс Центарот за Европски студии го одбележаа Денот на Европа - 9 Мај, на кој присуствуваше и директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска.

64. 28.5.2025 г.- на покана на хрватската амбасадорка Н.Е. Нивес Тигањ, Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска присуствуваше на прием по повод Денот на независноста на Хрватска.

65. 31.5.2025 г.-, пред Неделата на светите отци, во археолошкиот локалитет "Стоби" беше отслужена Света Боженствена литургија, во знак на одбележување на 1700 години од Првиот вселенски собор, на која присуствуваше директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска. Со Светата Литургија чиночалствуваше Неговото Блаженство, Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима г.г. Стефан во присуство на повеќе архиереји, бројно свештенство и многуброен верен народ.

66. 2.6.2025 г.- на покана на италијанскиот амбасадор Н. Е. Паоло Палминтери, директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска присуствуваше на свечениот прием во МНТ, по повод Денот на независноста на Република Италија.

67. 5.6.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Поглаварот на Исламската верска заедница Реис ул Улема хаџи хфз. Шаќир ефенди Фетаи, до членовите на Ријасетот, до Муфтиствата и до сите верниците од исламска вероисповед по повод празникот Курбан Бајрам.

68. 9.6.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Македонската православна црква- Охридска архиепископија по повод празникот Слегување на Светиот Дух - Духовден (Педесетница).

69. 12.6.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки по повод изборот на Неговото високопреподобие, Архимандритот проф. д-р о. Георгиј (Ѓорѓевски) за Митрополит дебарско-кичевски на МПЦ-ОА.

70. 11.6.2025 г.- во посета на Управата за соработка со црквите и верските заедници на Република Србија беше Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска, која оствари работна средба со директорот на Управата , г-дин Владимир Рогановиќ. На средбата се беа разменети мислења и искуства, како и предложени конкретни насоки за унапредување на меѓусебната соработка во областите што се од заеднички интерес за двете институции. Континуираната институционална комуникација и координација, особено во сферата на меѓурелигискиот дијалог, културната размена и верската едукација и во таа насока беше договорено во наредниот период да се организираат тематски средби за планирање и реализација на заеднички активности и проекти.

71. 18.6.2025 г.- на покана од г- дин Филип Маршело, вршител на должност во Амбасадата на Франција во Македонија, директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска присуствуваше на работна вечера во француската резиденција. Средбата се одржа по повод посетата на Скопје на г -дин Жан Кристоф Посел, советник за религиски прашања на Министерот за надворешни работи на Р. Франција.

72. 20.6.2025 г.- се одржа работна средба помеѓу директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска и директорката на Државниот архив, проф. д-р Наташа Котлар - Трајкова, во просториите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи.

73. 23 - 24 јуни 2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска, заедно со тим од Комисијата, имаше активно учество на Третата светска конференција за религиски дијалог и соработка со наслов: „Религијата и современата фаза на глобализацијата: можности и предизвици" организирана од Филозофскиот факултет- Скопје, при УКИМ.

74. 24.6.2025 г.- Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска на покана од Неговата Екселенција г. Франческо Саверио Ѓусти, Амбасадор на Суверениот Воен Болнички Ред на Св. Јован од Ерусалим, Родос и Малта, присуствуваше на Свечениот прием по повод празникот на Св. Јован Крстител — заштитникот на Редот на Малта.

75. 25.6.2025 г.- директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати честитка до поглаварот на Исламската верска заедница Реис Ул Улема Шаќир Ефенди Фетаи, до членовите на Ријасетот, до муфтиите и имамите и до сите граѓани кои ја празнуваат Новата Хиџретска година. Воедно во Македонската филхармонија, во организација на Исламската верска заедница се одржа традиционалната свеченост по повод одбележувањето на Новата хиџретска 1447 година, каде директорката Трајковска имаше пригодно обраќање пред присутните гости.

76. 12.7.2025 г. директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска присуствуваше на отворањето на 65 издание на Охридското културно лето насловено како "Трансформација на сетилата".

77. 13.7.2025 г. директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска, во храмот "Света Софија" во Охрид, присуствуваше на свечениот чин на хиротонија и интронизација на новиот Митрополит дебарско-кичевски г. Георгиј.

78. 16.7.2025 г. директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска оствари средба со г-дин Џорџ Калансис, генерален секретар на Канцеларијата за верски односи во Атина.

79. 22.7.2025 г. се одржа средба помеѓу директорката на Комисијата, Оливера Трајковска и директорот на Управата за извршување на санкции, Александар Пандов.

80. 15.7.2025 г. се одржа Седница на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам под раководство на Националниот координатор, Павле Трајанов. На седницата свое обраќање имаше претседателот на Владата проф. д-р Христијан Мицковски, како и и директорот на АНБ, на ДБК и Управата за извршување на санкции а присуствуваа членови и заменици членови на НК, како и директорката на КОВЗРГ.

81. 25.7.2025 г. на покана на ОМД и хуманитарната организација " Св. Нектариј Битолски", директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска го посети летниот православен камп во Отешево и оддржа предавање на тема " Семејството- нашиот мал параклис".

82. 29.7.2025 г. на иницијатива на КОВЗРГ, во македонската Архиепископија во Скопје, Неговото Блаженство г.г. Стефан, Архиепископ Охридски и Македонски, ги прими учесниците и организаторите на Православната летна школа во организација на хуманитарната организација „Свети Нектариј Битолски", со поддршка од Обединета Македонска Дијаспора (ОМД) и волонтери од Македонија и дијаспората. На настанот присуствуваше и директорката Оливера Трајковска.

83. 2.8.2025 г. Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска, присуствуваше во храмот „Свети Никола" во Крушево на панихидата во спомен на македонските револуционери од Илинденското востание. Панихидата се отслужи во присуство на митрополитот Крушевско- демирхисарски г. Јован и свештенослужители од епархијата, а на истата присуствуваше и Претседателката на Републиката, Н.Е. Гордана Силјановска Давкова, како и претставници на државните институции.

84. 3.8.2025 г. во с. Колешино, под мотото „Незаборав на заветот“, се одржа средба на иселеници од кои дел се во земјата и во дијаспората. На средбата присуствуваше директорка на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и имаше прикладно обраќање до присутните.

85. 5.8.2025 г. согласно Одлука на Владата на Република Северна Македонија (Сл. весник бр. 148/25), беше извршено примопредавање на движни ствари без надомест за трајно користење од страна на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, членка на УКИМ. За време на примопредавањето беше потпишан договор од страна на директорката на КОВЗРГ, г-ѓа Оливера Трајковска и деканот на ПБФ, проф. д-р Дејан Борисов.

86. 6.8.2025 г. во рамки на соработката помеѓу државните институции и верските заедници, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, заедно со директорката на Агенцијата за управување со одземен имот, Ирена Илиевска, ја посетија Тетовско-Гостиварската епархија и оствариja средба со Митрополитот Тетовско-Гостиварски г. Јосиф во Лешочкиот манастир.

87. 12.8.2025 г. Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска испрати телеграма со сочувство до Неговата Екселенција г. Фатих Улусој, Амбасадор на Република Турција во Република Северна Македонија по повод загинатите во трагичниот земјотрес.

88. 12.8.2025 г. Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска испрати телеграма со честитки до Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва, Г. Г. Стефан по повод 35 годишнината од осветувањето на Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје.

89. 22.8.2025 г. По повод отворањето на 64 Струшки вечери на поезијата во Струга присуствуваше и Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска.

90. 26.8.2025 г. во Собранието на Република Македонија, свечено беше доделена државната награда за хуманост „Мајка Тереза“ каде присуствуваше Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска.

91. 2.9.2025 г. во Клубот на пратениците свечено беше одбележан „Денот на Агенцијата за национална безбедност“. Настанот ги обедини највисоките претставници на државата, дипломатскиот кор и институциите, а присуствуваше и директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Оливера Трајковска.

92. 2.9.2025 година во седиштето Св. Климентовиот универзитет, Охрид; директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Оливера Трајковска, ја оствари својата прва официјална посета на Дебарско-кичевската епархија и надлежниот митрополит Г. Георгиј.

93. Во периодот од 5 -7 септември 2025 година се одржа тридневна научна конференција "Балкански монашки светови" на тема "Балкански монашки светови - Дијалози за монаштвото, теологија и култура", организирана од страна на Институтот за духовно и монашко наследство на Балканот „Наследството на пустината" и Институтот за литургика и црковна уметност при Православниот богословски факултет во Белград. Отворањето на конференцијата беше во манастирот Св.Леонтиј во Водоча, на кое свое поздравно обраќање имаше викарниот Епископ Стобиски г. Јаков- претседател на Институтот „Наследство на пустината", а поздравни слова испратија и Неговата светост, патријархот српски г. Порфириј и Неговото блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Г. Г. Стефан. Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи беше дел од Научната конференција.

94. 10.9.2025 година директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Оливера Трајковска и директорот на Управата за извршување на санкции, Александар Пандов ја посетија КПУ Затвор, Струмица ; во придружба на советничката Наташа Никифоровиќ од КОВЗ, раководителката на сектор од Управата за санкции, Христина Божиновска и отец Симеон Кантурски, претставник на Струмичката епархија. Целта на посетата е иницирање на капелански служби во затворите, за процесот на ресоцијализација и дерадикализација биде поуспешен, а истовремено затворениците би го остаариле правото на достапна психолошка и духовна помош.

95. 11.9.2025 година, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска; оствари пријателска и конструктивна средба со амбасадорката на Република Хрватска, Н.Е. Нивес Тигањ.

96. 16.9.2025 година, на директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, од страна на Фросина Богдановска, претставник на културно-уметничкото друштво од Крањ, Словенија и беше врачена благодарница од Православниот христијански летен камп „Св. Нектариј Битолски" од Битола.

97. 17.9.2025 г. Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, оствари средба со парохискиот свештеник на МПЦ за Лондон, отец Виктор Стојчев.На средбата беше разговарано за духовниот живот на македонската заедница во Обединетото

Кралство, за нејзините потреби и за улогата на црквата во зачувувањето на идентитетот и верата далеку од татковината.

98. 18.9.2025 г. Во организација на Министерството за јавна администрација се одржа обука под наслов „1000 обучени административни службеници“ каде присуствуваа Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и дел од админстративните службеници во Комисијата.

99. 22.9.2025 г. Директорот на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Претседателот на ЕЗРМ Пепо Леви, како и до сите припадници на ЕЗРМ, честитајќи им го празникот Рош Хашана.

100. 22.9.2025 г. 22 септември 2025 година, во просториите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, директорката Оливера Трајковска одржа состанок со Управниот одбор на Асоцијацијата на професори по Етика во религиите „Просветление“, посветен на актуелниот статус на наставниот предмет „Етика во религиите“.

101. 23.9.2025 г., градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски, оствари официјална средба со бискупот, монсињор д-р Киро Стојанов, поглавар на Католичката црква во Македонија. Средбата беше посветена на актуелните прашања поврзани со Католичката црква и нејзиното делување во Куманово. На средбата присуствуваа и директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Оливера Трајковска, епархијскиот свештеник дон Томаш Бак од Полска, отец Зоран Стојанов, директор на „Каритас“, како и соработничката Соња Чресловник.

102. 25.9.2025 г., директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, оствари работна средба во Македонската архиепископија со Поглаварот на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима Г.Г. Стефан.

103. 26.9.2025 г. на покана на заменик амбасадорката на Хеленската Република Н.Е.Кристина Василату, директорката на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, присуствуваше на настанот "30 современи грчки автори".

104. 28.9.2025 година, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, присуствуваше на свеченото осветување на храмот „Св. цар Константин и царица Елена“ во Скопје.На чинот на осветувањето чиноначалствуваше Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски Г. Г. Стефан, во сослужение со повеќемина архиереи и бројно свештенство.Со своето присуство, директорката Трајковска ја изрази

поддршката на Комисијата за значењето на верските објекти како места на духовност, култура и заедништво.

105. 30.9.2025 г. По повод немилиот настан, кој претставува недостоен и навредлив чин со кој беше изменет муралот на Света Мајка Тереза, поставен на „Школка“ во Градскиот парк во Скопје, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи реагираше до јавноста со соопштение во кое го осудува чинот на скврнавење и непочитување на ликот на светицата и претставник на католичката вероисповед и апелира до целата јавност на поголема внимателност и почит кон светите личности, верските симболи и духовните вредности кои се темел на нашето заедничко општествено живеење.

106. 1.10.2025 г. Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Претседателот на Евреската верска заедница, Пепо Леви, како и до сите припадници на ЕЗРМ, честитајќи им го празникот Јом Кипур.

107. 3.10.2025 г., по повод Денот на германското национално единство, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска присуствуваше на свеченоста на покана на германската амбасадорка, Н.Е. Петра Дрекслер, а организирана од Амбасадата на Сојузна Република Германија.

108. 5.10.2025 г., кога Црквата го празнува споменот на Соборот на сите Македонски светители, во храмот "Св.Кирил и Методиј" во Велес, беше отслужена Света Златоустова Литургија. Со Литургијата чиноначалствуваше Архиепископот Охридски и Македонски, Неговото Блаженство г.г.Стефан, во сослужение на голем број архијереи. На Литургијата, која е составен дел од Семакедонскиот црковно- народен собир, присуствуваше и директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи.

109. 10.10.2025 година во Клубот на пратениците во Скопје се реализираше активноста на КОВЗРГ со наслов „Едно поинакво кафе“, која е подготовка за активностите во наредната година, во рамки на проектот „Градиме мостови“. На средбата присуствуваа Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва Г.Г. Стефан, Скопскиот бискуп и Епарх Струмичко-скопски монс. д-р Киро Стојанов, Реис ул Улема хаџи хфз. Шаќир ефенди Фетаи, суперинтендентот на Евангелско-методистичката црква, Марјан Димов, претседателот на Еврејската заедница Пепо Леви, директорката на Комисијата, Оливера Трајковска, Деканот на ПБФ, д-р Илче Мицевски - Игнат и Абдулџемил Несими, деканот на ФИН, како и младите учесници – студентите од Богословскиот Факултет и Факултетот за исламски науки, младите од Католичката црква, Еврејската заедница и Евангелско-методистичката црква.

Директорката имаше изјава за присутните медиуми во кое ја информираше јавноста за настанот.

110. 11.10.2025 г. По повод 11 Октомври - Ден на народното востание, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, а Оливера Трајковска присуствуваше на повеќе официјални одбележувања на овој датум: Положување на свежо цвеќе на Споменик Костурница во Куманово, Доделување на наградата "11 Октомври" во Собранието на Република Македонија, Положување на свежо цвеќе на обновената биста на народниот херој Магдалена Антова, во Соколанскиот парк во Куманово.

111. 14.10.2025 г. во просториите на Еврејската заедница во Република Македонија и синагогата „Бет Јаков“, се одржа комеморација по повод втората годишнина од масакрот на 7 октомври 2023 година кој се случи на музичкиот фестивал „Supernova / Nova“ (Nova Music Festival), во југозападниот дел на Израел, во пустината Негев, на комеморацијата присуствуваше директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, како и претставници на дипломатскиот кор, верници и граѓани.

112. 15.10.2025 г. Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска даде изјава за дневниот весник „Вечер“ во врска со новите предлози за верско образование во училиштата.

113. 29.10.2025 г. Македонската православна црковна општина „Преподобна Параскева – Петка“ во Осло ја прослави својата втора годишнина и го одбележа патрониот празник – Света Петка, празник на верата, надежта и заедништвото што ги поврзува Македонците ширум светот.На свечената богослужба, предводена од митрополитот Европски г. Пимен присуствуваше директорката на КОВЗРГ и многу верници иселеници од Македонија.

114. 30.10.2025 г., во Домот на културата „Антон Панов“ во Струмица, во организација на Фондацијата „Елеуса“, се одржа книжевно-музичката вечер „Преместени хоризонти“ , каде присуствуваа Епископот стобиски г. Јаков и директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи Оливера Трајковска.

115. 2.11.2025 година во просториите на х. Александар Палас се одржа годишната служба на Евангелската црква во Македонија. Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Оливера Трајковска присуствуваше на овогодинешната служба и ја изрази сестраната поддршка на Комисијата кон овој верски субјект.

116. 4.11.2025 година, директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска; оствари средба со Дејан Змејковски и Роберт Костовски, претставници на црковната

општина на Мелбурн и Викторија, Австралија. На средбата беа споделени иницијативи и можности за соработка и желба за обновување на врските помеѓу органите на државната управа и дијаспората.

117. 5.11.2025 година во Занаетчискиот дом во Куманово во организација на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и Католичката црква во Македонија, со поддршка на Фондацијата за култура и спорт – Куманово, се одржа промоција на монографијата за 25 години епископство на монсињор д-р Киро Стојанов во Куманово. Градоначалникот Максим Димитриевски свечено го отвори настанот, а на панел- дискусијата говореа Оливера Трајковска, директорка на КОВЗРГ, монсињор. д-р Киро Стојанов, отец Гоце Костов и отец Зоран Стојанов од Католичката црква.

118. На покана на МПЦО „Св. Петка" при Европската епархија од Дизелдорф, во периодот од 15.11.20025 - 17.11.2025 година, во Ратинген, Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска присуствуваше на настан насловен како "Терирем" каде имаше свое обраќање пред присутните. На концертот исто така присуствуваше и почесниот конзул во Бон, г-дин Амон Бајрамовски.

119. 18. 11. 2025 година, Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска гостуваше во телевизиската емисија „Заспиј ако можеш?“ на ТВ Алфа.

120. Во периодот од 20.11.2025-23.11.2025 година директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Оливера Трајковска престојуваше во Неиве, Италија. Парохиската црква "Св.Архангел Михаил" во Неиве, како дел од Европската епархија одбележа 20 годишен јубилеј од своето основање, кое се поклопува со 20 годишниот јубилеј од хиротонијата на Европскиот митрополит Г. Пимен и годишнината на самата општина Неиве. На одбележувањето на јубилејот присуствуваа: митрополитот Европски г.Пимен, Михајловско- кошевичкиот митрополит г. Георгиј, градоначалникот на општина Неиве, д-р Паоло Пичинели, градоначалници од соседните општини, директотката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, отец Марко од Католичката црква во Неиве, како и голем број на преттавници на општествениот и црковниот живот во овој регион. На духовната академија директорката на Комисија за односи со верските заедници и религиозните групи, Оливера Трајковска беше одликувана со орден од прв ред за извонредна соработка.

121. 27.11.2025 г., Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-ѓа Оливера Трајковска, на покана на амбасадорката на Романија, Н.Е. Адела Моника Аксинте присуствуваше на свечениот прием организиран по повод По повод 1 декември- Националниот

ден на Р. Романија, како и 30-годишнината од воспоставувањето дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Романија.

122. 28.11.2025 г., под слоганот "Заедно да донесеме светлина таму каде што недостасува", во Струмица се одржа годишниот прием на фондацијата "Елеуса", каде присуствуваше Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Оливера Трајковска.

123. 5.12 2025 г. на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ се одржа деветтиот Светиклиментов научен собир на тема: „Теологијата и технологиите“. На научниот собир присуствуваше директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска. Настанот го отвори Поглаварот на МПЦ-ОА, Архиепископот Охридски и Македонски Г. Г. Стефан, во присуство на архиерејите Г. Петар и Г. Георгиј, деканот и професори на ПБФ, академската фела, студенти и почитувачи на ликот и делото на светиот Климент.

124. 5.12.2025 година, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска присуствуваше на 35 годишниот јубилеј на "Македонски Каритас", хуманитарна организација при Католичката црква. На настанот на Директорката и беше врачена благодарницата за досегашната соработка со Католичката црква.

125. 5.12.2025 година, беше отворено јубилејното десетто издание на Меѓународниот филмски фестивал за духовни и хумани вредности „Богородичен покров“, во салата на Соборниот храм „Свети Климент Охридски" во Скопје. Во име на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, на настанот присуствуваше Петар Петковски, советник во КОВЗРГ.

126. 8.12.2025 г., по повод чествувањето на нашиот македонски патрон- Св. Климент Охридски, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) г-ѓа Оливера Трајковска, присуствуваше на неколку настани: Свечена духовна академија во чест на Св.Климент Охридски, под покровителство на Претседателката Н.Е. Гордана Сиљановска Давкова и Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан, доделување на државната награда "Св.Климент Охридски", положување на свежо цвеќе пред спомен бистата на "Св.Климент Охридски" на платото пред Универзитетската библиотека.

127. 10.12.2025 година, во НУ „Музеј на националната борба за самостојност“ се одржа промоција на две монументални книги: „Посланија и беседи“ од Архиепископ Доситеј и „Таков Архијереј ни требаше – зборник на трудови во чест на Архиепископот Доситеј“. Книгите се во издание Светиот архијерејски синод на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, а се објавени по повод стогодишнината од замонашувањето на блаженоупокоениот

Возобновител на нашата Света Црква. На промоцијата присуствуваше и Директорката на КОВЗРГ Оливера Трајковска.

128. 11.12.2025 г., на самиот ден кога се прославува споменот на светите 15 Тивериополски маченици, во манастирот „Светите петнаесет Свештеномаченици“ во Струмица, беше отслужена света архијерејска Литургија, на која началствуваше Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва Г.Г. Стефан, во сослужени со Високопреосвештените митрополити Брегалнички г. Иларион и Струмички г. Наум, Епископот Шабачки г. Јеротеј, Епископот Стобиски г. Јаков и бројно монаштво и свештенство. На богослужбите присутна беше директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, потпретседателот на македонското собрание г-дин Антонио Милошоски, градоначалникот на Општина Струмица г. Петар Јанков, покровителите на годинашната слава Јорданчо и Стевица Јаневи, советници, директори на институции и голем број на верници.

129. 12.12.2025 г., во организација на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, се одржа традиционалниот предновогодишен прием и доделување на признанието „Вељо Манчевски“ кој имаше за цел да ја претстави Македонија како мозаик на верски заедници кои живеат во мир и заедништво. Покровител на настанот беше претседателката на државата, проф. д-р Гордана Сиљановска Давкова, која со свој говор го отвори настанот, а присуствуваа и голем број државни функционери, високи претставници од верските субјекти, претставници на дипломатскиот кор и останати гости. Централен дел на вечерта беше доделувањето на годишните признанија „Вељо Манчевски“ на истакнати дејци за нивниот траен придонес во верските заедници и општеството. Добитници за 2025 година се: проф. д-р Ацо Гиревски (Протојереј-ставрофор), за неговиот четиридецениски придонес во православната теологија, библистиката и образованието, како и за објавените над 20 книги и 150 научни трудови; д-р Шинази Мемеди: Професор по исламска култура и цивилизација, награден за својот научен и педагошки придонес во изучувањето на исламското културно наследство и историја; протојереј Гоце Костов: Католички свештеник, директор на Радио Марија – Благовест, признат за својата пасторална служба и медиумска мисија преку која ја шири верата и меѓурелигискиот дијалог; д-р Берта Романо–Николиќ (постхумно): Поранешен претседател на Еврејската заедница и истакнат лекар, наградена за зачувување на еврејската традиција, ладино културата и афирмација на соживотот; Дијаконија Северна Македонија – Мис Стон Центар: Хуманитарна организација на Евангелско-методистичката црква, наградена за програмите како „Храна на тркала“ и грижата за ранливите категории граѓани.

130. 13.12.2025 г., Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска, присуствуваше на

Божиќниот концерт во катедралата "Пресвето срце Исусово", во организација на амбасадата на Република Хрватска во Македонија. Божиќниот концерт беше во изведба на мандолинскиот оркестар од Скопје под диригентската палка на маестро Ерхан Шукри.

131. 16.12.2025 г., Директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Претседателот на Еврејската заедница, Пепо Леви, како и до сите припадници на ЕЗРМ, честитајќи им го празникот Ханука.

132. 16.12.2025 во амфитеатарот на Факултетот за исламски науки во Скопје беше одржан панел под наслов „Улогата на религијата во мултикултурното општество", во организација на Факултетот за исламски науки, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје. Свое обраќање и пригоден говор имаа директорката Оливера Трајковска, В.Д. деканот на Православниот богословски факултет, проф. д-р Илче Мицевски-Игнат, проф. д-р Фаредин Ебиби, проф. Д-р Милан Ѓорѓевиќ, Доц. др Абдулкерим Исени и д-р Беќир Мемеди.

133. 17.12.2025 г. на покана на директорот на Агенцијата за планирање на просторот, Александар Гелевски, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска присуствуваше на свечен настан, посветен на 20 годишниот континуитет, развој и улогата на Агенцијата во системот на просторното и урбанистичко планирање во Македонија.

134. 19.12.2025 г., на празникот на светиот Николај Мирликиски Чудотворец, кој е заштитник на Брегалничката Православна Епархија и на градот Штип, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Г.Г. Стефан отслужи Света Архиерејска Литургија во сослужение на надлежниот епархиски архиереј, митрополитот Брегалнички г. Иларион, митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф, епископот Стобиски г. Јаков и свештенослужители на МПЦ – ОА, во соборниот епархиски храм "Св. Николај" во Штип. На светата литургија покрај многубројниот народ присуствуваа: директорката на Комисијата, Оливера Трајковска; министерот за локална самоуправа, Златко Перински, градоначалникот на Општина Штип, Иван Јорданов и пратеникот во Собранието, Никола Мицевски.

135. 20.12.2025 г., во просториите на синагогата Бет Јаков, беше одбележан големиот еврејски празник Ханука – празникот на светлината, надежта и духовната истрајност. Во рамки на одбележувањето, на кое присуствуваше и директорката на Комисијата, Оливера Трајковска, запали и свеќа на ханукијата, меѓу присутните беа и градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓоргиевски, претставници на МПЦ, КЦ и ИВЗ, градоначалникот на Општина Центар, Горан

Герасимовски и амбасадорката на Сојузна Република Германија, Петра Дрекслер.

136. 23.12.2025 г., директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска упати телеграма со честитки до Бискупот скопски и Епарх струмичко-скопски монс. д-р Киро Стојанов, до свештенството и монаштвото на Католичката црква во Македонија, како и до граѓаните од католичка вероисповед и до сите христијани кои празнуваат по грегоријанскиот календар, честитајќи им го празникот Раѓање Христово (Божиќ).

137. 24.12.2025 г. по повод Раѓањето Христово- Божиќ, според Грегоријанскиот календар, директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-ѓа Оливера Трајковска, присуствуваше на полноќната Божиќна миса во катедралата „Пресвето Срце Исусово" во Скопје.

138. 26.12.2025 г. Во организација на здружението Икуалити на платото пред Сити мол, беше организирана Инклузивна новогодишна забава наменета за лица со попреченост. Директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи присуствуваше на завршниот дел од настанот и изрази поддршка за лицата со попреченост и сите активности поврзани со нив.

139. 27.12.2025 година, во предвечерието на празникот на Свето Семејство, Скопскиот бискуп и Струмичко-скопски епарх монсињор д-р Киро Стојанов, во сослужение на парохот дон Томаш Бак и бискупскиот канцелар протојереј ставрофор отец Марјан Ристов, служеше света Литургија за верниците од Куманово. Покрај верниот народ на Литургијата присуствуваше и директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска.

140. 26.12.2025 г., во Клубот на пратеници се одржа донаторска вечер за "The Upper Room" концертот кој ќе се одржи во март 2026 година во организација на Евангелската црква. На донаторската вечер присуствуваше и се обрати директорката на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Оливера Трајковска.

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи во извештајниот период ги подготви и следните извештаи/информации кои се однесуваат на работата на институцијата, односите на државата со регистрираните верските субјекти, историјат за работата на верските субјекти во државата, и тоа:

- Годишен извештај за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи (1 јануари – 31 декември 2024) до Владата на Р. С. Македонија;

- Информација за историјатот на работењето на верските субјекти и прашањето поврзано со спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам до кабинет на Претседател на Р. С. Македонија.

- Информација за работата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи до Заменик претседателот на Владата на Р. С. Македонија, задолжен за политички систем, Љупчо Димовски по повод билатерална средба со Заменикот претседател на Владата на Република Унгарија, Золт Семјен;

- Информација за работата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, поврзана со спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, до пратеникот во Собранието на Р. С. Македонија, Бобан Карапејовски, по повод учество на Втората парламентарна конференција за меѓурелигиски дијалог во Рим, 19-21 јуни, 2025 г.

- Придонес кон Извештајот на Р. С. Македонија до Европската комисија, во делот Фундаментални права, Слобода на мислата, убедување и религија, за 2024 година.

- Информација за подготовка на извештајот на Стејт департмент за 2024 година во врска со актуелната состојба во државата во сферата на верските односи и почитување на фундаменталните човекови права до политичкиот аналитичар Адриан Исмаили од Амбасадата на САД.

- Предлог за обновување на Охридската книжевна школа подготвен во соработка со г-а Мимоза Рајл, Советник за култура на Претседателот на Владата на Р. С. Македонија, г. Христија Мицковски, доставен до кабинетот на Претседателот на Владата на Р. С. Македонија.

- Информација за одбележување на верски празници во 2025 година до кабинетите на Претседателот на Владата на Р. С. Македонија и Претседателката на Р. С. Македонија.

- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи постапуваше по поднесени барања за потврда на јавен инстерес и издаваше мислења во однос на даватели на донации од јавен интерес на верски субјекти. Во текот на извештајниот период беа разгледани вкупно 46 предмети кои се однесуваат на донации наменети за поддршка на верските субјекти. Со издавањето на мислењата, покрај овозможување на

остварување на правата и поволностите предвидени со важечката законска регулатива во областа на донациите, се придонесува и кон унапредување на верските права и слободи, како и зајакнување на институционалната поддршка и почитување на мултиконфесионалното општество.

- Во извештајниот период, Комисијата издаде 148 мислења за престој на странски државјани кои доаѓаат за вршење верски работи. Мислењата се издадени во согласност со законските прописи и утврдени процедури за престој на странски државјани. Со оваа постапка се обезбедува поддршка на верските субјекти во нивното функционирање и активности, како и потврдување на соработката со релевантните верски институции.

## 1.11 ПРОГРАМА

**„Стабилно и функционално мултиконфесионално општество“**

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

### 2.1. А: Оправданост и дизајн на програмата

**Образложение:** Програмата „Стабилно и функционално мултиконфесионално општество “ произлегува од:

1. Стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2026 г.:

- ***„ Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото“***
- ***„Интеграција на РСМ во Европската унија “***

2. НПАА: Поглавје **3.23 Правосудство и фундаментални права**

3. Стратешки приоритет и цели на органот на државната управа за периодот 2026-2028 година:

❖ **Зајакнување на институционалниот систем за заштита на начелото на секуларност и унапредување на верските слободи и права, со цел развој на стабилно, инклузивно и демократско мултиконфесионално општество.**

| Назив на Програмата: | Општа цел на програмата: |
|---|---|
| **Стабилно и функционално мултиконфесионално општество** | ♦Унапредување на заштитата и практичната примена на начелото на секуларност и верските слободи и права, преку развивање на партнерска соработка со верските заедници и афирмација на културните и верските вредности.<br><br>**Специфични цели:**<br><br>♦ Зајакнување на институционалната соработка и сервисната ориентација кон верските заедници.<br><br>♦ Унапредување на механизмите за заштита и практична примена на верските слободи и права.<br><br>♦ Промоција на културните и верските вредности во Република Македонија и на меѓународно ниво.<br><br>♦ Поттикнување на меѓурелигискиот дијалог и придонес кон развој на добрососедските и билатералните односи. |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** | ☒ хоризонтална | ☐ вертикална |

| Потпрограми (компоненти) од Програмата: | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:**<br><br>**Институционална соработка и заштита на верските слободи и права** | **Показател на успешност:**<br><br>**❖ Подобрено ниво на институционална соработка и ефикасна примена на механизмите за заштита на верските слободи и права.** |
| **Потпрограма 2:**<br><br>**Промоција на меѓурелигиски дијалог и верско- културните вредности** | **Показател на успешност:**<br><br>**❖ Зголемен број на реализирани активности и иницијативи за меѓурелигиски дијалог и промоција на верско-културните вредности.** |

| **Показатели за успех, резултати на Програмата 2026-2028 година:** |
| --- |
| - Унапредена институционална соработка и воспоставен континуиран дијалог со верските заедници и религиозните групи.<br>- Подобрена ефикасност и транспарентност во постапувањето на институцијата во однос на прашањата поврзани со остварувањето на верските слободи и права.<br>- Зголемен број на реализирани активности и иницијативи за промоција на верско-културните вредности и за поттикнување на меѓурелигиска почит.<br>- Зајакнат придонес на институцијата во развојот на меѓурелигискиот дијалог и унапредување на општествената кохезија.<br>- Зголемена видливост на институцијата и нејзино активно учество во регионални и меѓународни активности од областа на верските слободи и меѓурелигиската соработка. |

| **Индикатори на програмата 2026-2028 година:** |
| --- |
| • Број на спроведени истражувања и студии на актуелни теми од верската област.<br>• Број на одбележани значајни настани, јубилеи и личности од верската област.<br>• Број на организирани конференции, семинари и трибини на актуелни теми од верската област.<br>• Број на остварени билатерални средби со сродни институции од регионот.<br>• Број на реализирани активности за унапредување на дипломатската соработка со државни институции кои работат во верската сфера.<br>• Број на реализирани национални и меѓународни проекти за меѓурелигиска соработка.<br>• Број на издадени и промовирани публикации од областа на верската сфера.<br>• Број на реализирани мултимедијални проекти со верска тематика.<br>• Статус на ревидирање и усвојување на Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група.<br>• Број на реализирани лидерски средби со верските поглавари и претседатели.<br>• Број на активности за промоција на верските вредности и доделување признанија, вклучително признанието „Вељо Манчевски“. |

## АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ПЛАНИРААТ ЗА 2026 ГОДИНА

| Активност | Носител | Партнери | Временска | рамка | Имплементатори | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Истражувања/студии на актуелна тема од верска природа | КОВЗРГ | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Универзитет „Гоце Делчев“, Државен универзитет Тетово, Православен богословски факултет, Факултет за исламски науки, Славјански университет | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 40.000 |
| 2. Одбележување на годишнини и јубилеи | КОВЗРГ | Регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |
| 3. Организирање и учество на конференции, симпозиуми, панел дискусии, тркалезни маси и семинари | КОВЗРГ | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, МАНУ, Верски субјекти, НВО | 01/2026 | 11/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 200.000 |
| 4. Воспоставување и продлабочување на билатерална соработка со сродните институции од регионот | КОВЗРГ | Министерство за надворешни работи | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |
| 5. Одбележување на Св. Кирил и Методиј во Рим и Евалген | КОВЗРГ | Министерство за надворешни работи, МПЦ-ОА, Министерство за култура и туризам, Агенција за иселеништво | 03/2026 | 05/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |
| 6. Реализација на национални и интернационални проекти за меѓурелигиска соработка | КОВЗРГ | Регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ, Влада на РСМ, Амбасади и | 03/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 120.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | држави од регионот | | | | |
| 7. Издавање и промоција на публикации со верска тематика | КОВЗРГ | Регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ стрирани | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |
| 8. Реализација на проект за меѓурелигиска соработка „Градиме мостови" | КОВЗРГ | Регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ | 06/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 60.000 |
| 9. Организирање лидерски средби | КОВЗРГ | Регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ, Влада на РСМ, НВО | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 60.000 |
| 10. Оспособување и уредување „Галерија за архивски документи и предмети" во просториите на КОВЗРГ | КОВЗРГ | Државен архив на РСМ, Агенција за одземен имот | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 37.000 |
| 11. Изработка на промотивни видеа, кратки документарни филмови и аудио записи со верска тематика | КОВЗРГ | Регистирани цркви, верски заедници и религиозни групи | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 12.000 |
| 12. Предлог за измена на Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група | КОВЗРГ | Министерство за правда | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 25.000 |
| 13. Новогодишен прием и доделување на годишно признание „Вељо Манчевски" | КОВЗРГ | Верски субјекти | 11/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 300.000 |
| **Вкупен број на активности во 2026 година: 13** | | | | **Вкупен износ на потребни средства:** | | **1.454.000** |

| **АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ПЛАНИРААТ ЗА 2027 ГОДИНА** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Носител** | **Партнери** | **Временска** | **рамка** | **Имплементатори** | **Финансиски импликации** |
| 1.Истражување/студија на актуелна тема од верска природа | КОВЗРГ | Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Универзитет „Гоце Делчев", | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 60.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Државен универзитет Тетово, Православен богословски факултет, Факултет за исламски науки, Славјански университет | | | | |
| 2. Одбележување на годишнини и јубилеи | КОВЗРГ | Верски заедници | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 200.000 |
| 3.Организирање и учество на конференции, симпозиуми, тркалезни маси и семинари | КОВЗРГ | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, МАНУ, Верски субјекти, НВО | 01/2026 | 11/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 600.000 |
| 4. Воспоставување и продлабочување на билатерална соработка со сродните институции од регионот | КОВЗРГ | Министерство за надвореш-ни работи | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 400.000 |
| 5. Одбележување на Св. Кирил и Методиј во Рим и Евалген | КОВЗРГ | Министерство за надвореш-ни работи, МПЦ-ОА, Министерство за култура и туризам, Агенција за иселеништво | 03/2026 | 05/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 200.000 |
| 6. Реализација на национални и интернационални проекти за меѓурелигиска соработка | КОВЗРГ | Цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ, Влада на РСМ, Амбасади и држави од регионот | 03/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 200.000 |
| 7. Печатење публикации со верска тематика | КОВЗРГ | МПЦ, ПБФ | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 500.000 |
| 8. Издавање на детална верска карта и промоција на верски туризам | КОВЗРГ | Цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ, Министер-ство за култура и туризам | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 380.000 |
| 9. Реализација на | КОВЗРГ | Цркви, верски | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во | 350.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| проект за меѓурелигиска соработка „Градиме мостови“ | | заедници и религиозни групи во РСМ, Влада на РСМ, НВО | | | КОВЗРГ | |
| 10. Организирање лидерски средби | КОВЗРГ | Цркви, верски за-едници и религиозни групи | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |
| 11. Оспособување и уредување „Галерија за архивски документи и предмети“ во просториите на КОВЗРГ | КОВЗРГ | Државен архив на РСМ, Агенција за одземен имот | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 140.000 |
| 12. Изработка на промотивни видеа, кратки документарни филмови и аудио записи со верска тематика | КОВЗРГ | Медиуми, маректинг агенција | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 120.000 |
| 13. Иницијатива за воспоставување на капеланска служба во болници | КОВЗРГ | Верски субјекти, Миистерство за здравство | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 60.000 |
| 14. Новогодишен прием и доделување на годишно признание „Вељо Манчевски“ | КОВЗРГ | Верски субјекти | 11/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 200.000 |
| **Вкупен број на активности во 2026 година: 14** | | | | **Вкупен износ на потребни средства:** | | **3.560.000** |

## АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ПЛАНИРААТ ЗА 2028 ГОДИНА

| Активност | Носител | Партнери | Временска | рамка | Имплементатори | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Истражување/сту-дија на актуелна те-ма од верска при-рода | КОВЗРГ | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Универзитет „Гоце Делчев“, Државен универзитет Тетово, Православен богословски факултет, Факултет за исламски науки, | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 60.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Славјански универзитет | | | | |
| 2. Одбележување на годишнини и јубилеи | КОВЗРГ | Верски заедници | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 200.000 |
| 3.Организирање и учество на конференции, симпозиуми, тркалезни маси и семинари | КОВЗРГ | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, МАНУ, Верски субјекти, НВО | 01/2026 | 11/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 600.000 |
| 4. Воспоставување и продлабочување на билатерална соработка со сродните институции од регионот | КОВЗРГ | Министерство за надвореш-ни работи | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 400.000 |
| 5. Одбележување на Св. Кирил и Методиј во Рим и Евалген | КОВЗРГ | Министерство за надвореш-ни работи, МПЦ-ОА, Министерство за култура и туризам, Агенција за иселеништво | 03/2026 | 05/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 200.000 |
| 6. Реализација на национални и интернационални проекти за меѓурелигиска соработка | КОВЗРГ | Цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ, Влада на РСМ, Амбасади и држави од регионот | 03/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 200.000 |
| 7. Печатење публикации со верска тематика | КОВЗРГ | МПЦ, ПБФ | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 500.000 |
| 8. Издавање на детална верска карта и промоција на верски туризам | КОВЗРГ | Цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ, Министер-ство за култура и туризам | 06/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 380.000 |
| 9. Реализација на проект за меѓурелигиска соработка „Градиме мостови“ | КОВЗРГ | Цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ, Влада на РСМ, НВО | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 350.000 |
| 10. Организирање лидерски средби | КОВЗРГ | Цркви, верски за-едници и религиозни групи | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. Изработка на промотивни видеа, кратки документарни филмови и аудио записи со верска тематика | КОВЗРГ | Медиуми, маректинг агенција | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 120.000 |
| 12. Иницијатива за воспоставување на капеланска служба во АРМ | КОВЗРГ | Верски субјекти, Миистерство за одбрана | 01/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 60.000 |
| 13. Новогодишен прием и доделување на годишно признание „Вељо Манчевски“ | КОВЗРГ | Верски субјекти | 11/2026 | 12/2026 | Вработени во КОВЗРГ | 200.000 |
| **Вкупен број на активности во 2026 година: 13** | | | | **Вкупен износ на потребни средства:** | | **3.420.000** |

## 3. ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

| Програма | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потреби од обука |
|---|---|---|---|
| **Стабилно и функционално мултиконфесионално општество** | - Советник за прашања на секуларниот карактер на државата и подобрување на правната положба на верските субјекти<br>- Возач | / | Генерички обуки соглас-но програмата за обука на КОВЗРГ |

## 4. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ

**Развивање политики**

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи како самостоен орган на државна управа надлежен за прашањата од верската сфера во државата, заштита на начелото на секуларност на државата, унапредување на верските слободи и права и меѓуконфесионалната соработка, како и за односите на црквите, верските заедници и религиозни групи со државата, останува посветена на остварување на предвидените приоритети и приоритени цели.

## 4.1 СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ/ ПОДГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ (ПЛАНИРАНИ МЕРКИ 2026-2028)

| 2026<br>очекувано влијание | 2027<br>очекувано влијание | 2028<br>очекувано влијание |
|---|---|---|
| - Зајакнати човечки ресурси во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи;<br>- Развивање, унапредување и | - Зајакнати човечки ресурси во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи; | - Зајакнати човечки ресурси во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи;<br>- Развивање, унапредување и |

| | | |
|---|---|---|
| координирање на процесот на стратешко планирањеи подготовка на Буџетот;<br>Подобрување на квалитетот за следење на имплементацијата на програмските активности преку мерење на показателите на успешност | - Развивање, унапредување и координирање на процесот на стратешко планирање и подготовка на Буџетот;<br>Подобрување на квалитетот за следење на имплементацијата на програмските активности преку мерење на показателите на успешност. | координирање на процесот на стратешко планирање и подготовка на Буџетот;<br>Подобрување на квалитетот за следење на имплементацијата на програмските активности преку мерење на показателите на успешност. |

## 4.2 ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

| 2026<br>очекувано влијание | 2027<br>очекувано влијание | 2028<br>очекувано влијание |
|---|---|---|
| Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени согласно Годишен план за вработување за 2025 година | Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени согласно Годишен план за вработување за 2026 година | Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени согласно Годишен план за вработување за 2027 година |

## 4.3 ПРИНЦИПИ НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

| 2026<br>очекувано влијание | 2027<br>очекувано влијание | 2028<br>очекувано влијание |
|---|---|---|
| Принципите на еднакви можности на жените и мажите и понатаму ќе бидат запазени во сите чекори и нивоа на програмата, мерките и активностите во 2026 година. | Принципите на еднакви можности на жените и мажите ќе бидат запазени во сите чекори и нивоа на програмата, мерките и активностите во 2027 година. | Принципите на еднакви можности на жените и мажите ќе бидат запазени во сите чекори и нивоа на програмата, мерките и активностите во 2028 година. |

Во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи од аспект на еднаквите можности на жените и мажите, од вкупно 9 вработени, 6 се мажи и 3 се жени. Притоа од вкупниот број на вработени со високо образование 4 се мажи, а 3 се жени, додека пак со средно образование се 2 мажи.

Детален преглед во врска со овие податоци е даден во табелата подолу.

**Овие податоци подолу се дадени во следнава табела:**

| Работно место | Високо | | Вишо | | Средно | | Основно | | ВКУПНО | | Вкупно вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| **Раководни** | | | | | | | | | | | **0** |
| **Нераководни** | 4 | 3 | | | 1 | | | | 5 | 3 | 8 |
| **Вкупно** | 4 | 3 | | | 1 | | | | 5 | 3 | 8 |

## 4.4 ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ И УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА (ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ 2026-2028)

| 2026<br>очекувано влијание | 2027<br>очекувано влијание | 2028<br>очекувано влијание |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| -Подоготовка на План за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки, а во функција на усогласување на планираните набавки со одобрениот буџет и реализација на буџетот за 2026 година;<br><br>-Учество на дел од вработените во соодветни обуки од областа на материјално - финансиското и буџетското работење и јавните набавки;<br><br>-Обуки на постојните и ново вработените во насока на јакнење на професионалното и компетентно извршување на работните задачи;<br><br>- Подготвување годишен извештај за преземените активности за воспоставување на процесот за управување со ризиците во Комисијата;<br><br>- Подготвување годишен извештај за показателите на успешност на спроведувањето на стратегијата за управување со ризици за раководството. | -Подоготовка на План за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки, а во функција на усогласување на планираните набавки со одобрениот буџет и реализација на буџетот за 2027 година;<br><br>-Учество на дел од вработените во соодветни обуки од областа на материјално - финансиското и буџетското работење и јавните набавки;<br><br>- Обуки на постојните и ново вработените во насока на јакнење на професионалното и компетентно извршување на работните задачи;<br><br>- Подготвување годишен извештај за преземените активности за воспоставување на процесот за управување со ризиците во Комисијата;<br><br>-Подготвување годишен извештај за показателите на успешност на спроведувањето на стратегијата за управување со ризици за раководството. | -Подоготовка на План за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки, а во функција на усогласување на планираните набавки со одобрениот буџет и реализација на буџетот за 2028 година;<br><br>-Учество на дел од вработените во соодветни обуки од областа на материјално - финансиското и буџетското работење и јавните набавки;<br><br>- Обуки на постојните и ново вработените во насока на јакнење на професионалното и компетентно извршување на работните задачи;<br><br>- Подготвување годишен извештај за преземените активности за воспоставување на процесот за управување со ризиците во Комисијата;<br><br>-Подготвување годишен извештај за показателите на успешност на спроведувањето на стратегијата за управување со ризици за раководството. |
| Добиените средства од Буџетот за 2026 година ќе се користат согласно начелата на Законот за буџети, односно наменски, рационално, економично, ефикасно и ефективно. | | |

## 4.5. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| **2026**<br>**очекувано влијание** | **2027**<br>**очекувано влијание** | **2028**<br>**очекувано влијание** |
|---|---|---|
| -Подготвување на Годишен план за вработување за 2026 година;<br><br>-Подготвување на измена на Годишниот план за вработување за 2026 година;<br><br>-Подготвување на Извештај за | -Подготвување на Годишен план за вработување за 2027 година;<br><br>-Подготвување на измена на Годишниот план за вработување за 2027 година;<br><br>-Подготвување на Извештај | -Подготвување на Годишен план за вработување за 2028 година;<br><br>-Подготвување на измена на Годишниот план за вработување за 2028 година;<br><br>-Подготвување на Извештај за |

| | | |
|---|---|---|
| реализација на годишниот план за вработување за период јули-декември 2026 година;<br><br>- Подготвување на Извештај за реализација на годишниот план за вработување за период јануари-јули 2026 година;<br><br>-Подготвување на Годишниот план за обуки на административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештај за реализација на Планот за обуки за административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештајот за полугодишно интервју;<br><br>-Подготвување на Извештај со ранг-листа на годишни оцени за сите оценети административни службеници во институцијата за претходната година;<br><br>-Подготвување на Извештај за работата на КОВЗРГ согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>-Подготвување на Годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници за претходната година.<br><br>-Подготвување на Извештај за спроведен попис;<br><br>-Подготовување на Извештај за претставки и предлози;<br><br>-Подготовување на Извештај до КОМПСИ;<br><br>-Подготвување Извештај за водење предмети во управна постапка;<br><br>-Подготвување Извештај за | за реализација на годишниот план за вработување за период јули-декември 2027 година;<br><br>- Подготвување на Извештај за реализација на годишниот план за вработување за период јануари-јули 2027 година;<br><br>-Подготвување на Годишниот план за обуки на административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештај за реализација на Планот за обуки за административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештајот за полугодишно интервју;<br><br>-Подготвување на Извештај со ранг-листа на годишни оцени за сите оценети административни службеници во институцијата за претходната година;<br>-Подготвување на Извештај за работата на КОВЗРГ согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>-Подготвување на Годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници за претходната година.<br>-Подготвување на Извештај за спроведен попис;<br><br>-Подготовување на Извештај за претставки и предлози;<br><br>-Подготовување на | реализација на годишниот план за вработување за период јули-декември 2028 година;<br><br>- Подготвување на Извештај за реализација на годишниот план за вработување за период јануари-јули 2028 година;<br><br>-Подготвување на Годишниот план за обуки на административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештај за реализација на Планот за обуки за административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештајот за полугодишно интервју;<br><br>-Подготвување на Извештај со ранг-листа на годишни оцени за сите оценети административни службеници во институцијата за претходната година;<br><br>-Подготвување на Извештај за работата на КОВЗРГ согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>-Подготвување на Годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници за претходната година.<br>-Подготвување на Извештај за спроведен попис;<br><br>-Подготовување на Извештај за претставки и предлози;<br><br>-Подготовување на Извештај до КОМПСИ;<br><br>-Подготвување Извештај за водење предмети во управна постапка;<br><br>-Подготвување Извештај за дадени мислења за донација за |

| | | |
|---|---|---|
| дадени мислења за донација за верски субјект;<br><br>-Подготвување Извештај за реализација на Стратешки план за период 2025-20275;<br><br>-Подготвување полугодишен извештај за работа на институцијата за тековната година;<br><br>- Подготвување годишен извештај за работа на институцијата за 2025 година; | Извештај до КОМПСИ;<br><br>-Подготвување Извештај за водење предмети во управна постапка;<br><br>-Подготвување Извештај за дадени мислења за донација за верски субјект;<br><br>-Подготвување Извештај за реализација на Стратешки план за период 2026-2028;<br><br>-Подготвување полугодишен извештај за работа на институцијата за тековната година;<br><br>- Подготвување годишен извештај за работа на институцијата за 2026 година; | верски субјект;<br><br>-Подготвување Извештај за реализација на Стратешки план за период 2027-2029;<br><br>-Подготвување полугодишен извештај за работа на инсдтитуцијата за тековната година;<br><br>-Подготвување годишен извештај за работа на институцијата за 2027 година; |
| Во рамките на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Одделението за правни и финансиски прашања, човечки ресурси и документација врши пријавување и одјавување на вработени, ажурира податоци за вработените, се грижи за организирање на обуки на вработените и друго. | | |

## 4.6. УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи континуирано ги подобрува своите технолошки услови преку набавка на нови уреди, надградба и одржување на постоечките и замена на застарените и нефункционални делови кога истото е можно. Веб страницата на институцијата редовно се ажурира со податоци кои вклучуваат активности спроведени во секојдневното работење, како и информации кои ги засегаат регистрираните верски субјекти и пошироката јавност. Комисијата го следи трендот на дигитализација и во догледно време во институцијата ќе биде инсталиран софтвер за архивско работење и книговодствено работење. Со преземените активности се подобрува ефикасноста во работењето и достапноста до заинтересираните страни.

| **2026**<br>**очекувано влијание** | **2027**<br>**очекувано влијание** | **2028**<br>**очекувано влијание** |
|---|---|---|
| Комисијата ќе направи анализа на постоечката информациска технологија согласно потребите на институцијата.<br>Објавување на материјали на веб страницата на КОВЗРГ. | Финансиски инвестиции во информациските технологии согласно потребите на институцијата.<br>Објавување на материјали на веб страницата на КОВЗРГ. | Финансиски инвестиции во информациските технологии согласно потребите на институцијата.<br>Објавување на материјали на веб страницата на КОВЗРГ. |

## 5.ОБРАЗЕЦ ЗА УТВРДУВАЊЕ РИЗИЦИ ВО КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

### 5.1. РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН

| Р. бр. | Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одобрениот Буџет за реализација на Програмата за работа може да не е доволен за реализација на предвидените активности и постигнување на приоритетите и приоритетните цели | Голема | Големо | •Разбирање на значењето на институцијата и придонесот кој го има во промоција на верскиот соживот и промоција на верските права и слободи во македонското општество<br>• Доделување на финансиски средства за реализација на активности со кои ќе се реализираат надлежностите на институцијата. |
| 2. | Зголемен одлив на човечки ресурси од Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи | Голема | Големо | •Спроведување на мерки за мотивација, стручен развој, унапредување на вработените во КОВЗРГ, вработување нови кадри за пополнување испразнети места во согласност со Систематизацијата на институцијата. |

Подготвила: Наташа Ниќифоровиќ